СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 29 април 1998
Скопје
Број 20 Год. LIV

Аконтацијата за 1998 година изнесува 7.200 денари. Овој број чини 150 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

579.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Се прогласува Законот за денационализација, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 април 1998 година.

Број 07-1642/1
21 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски,с.р.

З А К О Н
ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за враќање во сопственост на имот, односно давање надомест на физички лица државјани на Република Македонија за имот одземен во корист на државата (во натамошен текст: денационализација).

Член 2

Предмет на денационализација е имотот одземен по 2 август 1944 година врз основа на следниве закони и други прописи:

1) Закон за аграрна реформа и колонизација („Службен лист на ДФЈ“ број 64/45) и толкувањето на Законот („Службен лист на ФНРЈ“ број 16/46), Закон за потврда и измените на Законот за аграрна реформа и колонизација („Службен лист на ФНРЈ“ број 24/46) и Закон за аграрната реформа и колонизација на територијата на Федерална Македонија („Службен весник на ФМ“ број 25/45, „Службен весник на НРМ“ број 11/46, 3/48, 10/49, 32/57 и „Службен весник на СРМ“ број 15/65);

2) Основен закон за постапуење со експроприраните и конфискуваните шумски поседи („Службен весник на ФНРЈ“ број 61/46) и Закон за регулирање теретите укнижени на недвижностите што преминале во сопственост на државата врз основа на Законот за аграрна реформа и колонизација и Основниот закон за постапуење со експроприраните и конфискуваните шумски поседи („Службен лист на ФНРЈ“ број 106/47);

3) Закон за национализација на приватните стопански претпријатија („Службен лист на ФНРЈ“ број 98/46 и 35/48) и задолжителните толкувања на Законот („Службен лист на ФНРЈ“ број 63/48 и 27/53);

4) Закон за уредуење собственоста на земјиштата поседи на сточарите кои се занимаваат со номадско сточарење, во врска со спроведувањето на аграрната реформа („Службен весник на НРМ“ број 4/46) и Закон за национализација на големите сточни поседи („Службен весник на НРМ“ број 11/48);

5) Закон за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот и за доделување земја на селско-стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“ број 22/53, 52/53, 4/57 и 46/62 и „Службен лист на СФРЈ“ број 10/65) и Закон за максимумот на обработлива земја што се остава на семејни задруги и земјоделски домаќинства на подрачјето на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 16/65);

6) Резолуција за осигурување на условите за проширување на станбениот фонд по градовите и градските општини („Службен лист на ФНРЈ“ број 23/53), Закон за национализација на наемните згради и градежното земјиште (освен одредбите кои се однесуваат на градежното земјиште) („Службен лист на ФНРЈ“ број 52/58) и задолжителните толкувања на Законот („Службен лист на ФНРЈ“ број 24/59, 24/61 и 1/63);

7) Закон за промет со земјишта и згради („Службен лист на ФНРЈ“ број 26/54, 19/55 и „Службен лист на СФРЈ“ број 15/65 и 53/69) и Закон за промет со земјишта и згради („Службен весник на СРМ“ број 36/75, 41/75, 10/79 и 51/88) во однос на имотот што државата го одзела над дозволениот максимум и

8) Закон за деловните згради и деловните простории („Службен весник на СРМ“ број 36/75) во однос на имотот што државата го одзела над дозволениот максимум.

Член 3

Предмет на денационализација е и имотот што државата го презела како голем имот, односно како вишок на имот за предавање на управување согласно со членот 6 ставови 1 и 2 од Законот за постапување со имот којшто сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата и имотот кој им е одземен од страна на окупаторот и неговите помагачи („Службен лист на ДФЈ“ број 36/45), односно членовите 3, 5, 10 и 11 од Законот за потврда и измени на Законот за постапување со имот којшто сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата и имотот кој им е одземен од страна на окупаторот и неговите помагачи („Службен лист на ФНРЈ“ број 64/46).

Предмет на денационализација е и имотот: отстапен со изјава на волја дадена под закана и присилба и тоа за земјиште до денот на влегување во сила на прописите за аграрна реформа и колонизација, за стопанските објекти до денот на влегувањето во сила на прописите за национализација на приватните стопански претпријатија и за згради и делови од згради до денот на влегувањето во сила на прописите за национализација на наемните згради и градежното земјиште, ако постоењето на заканата и присилбата се докаже во судска постапка

Член 4

Одредбите од овој закон се применуваат и кога имотот е одземен со конфискација изречена за казниви дела до влегување во сила на Кривичниот законик („Службен лист на ФНРЈ“ број 13/51), освен за дела на воени злосторства.

Одредбата од став 1 на овој член не се применува за осуда за казниви дела што за последица имале:

– смрт, тешка телесна повреда на едно или повеќе лица или други тешки насилства врз лица;

– разурнување или оштетување на туѓ имот од поголем обем, експлозија или друг акт на тероризам и

– кражба, грабеж, разбојништво или разбојничка кражба.

При враќање на имот, односно давање на надомест за имот според одредбите на овој закон одземен со конфискација, кога се исполнети условите од ставовите 1 и 2 на овој член, не се зема предвид имотот кој од извршувањето на конфискацијата бил изземен согласно со членовите 6 и 29 од Законот за конфискација имотот и за извршување конфискацијата („Службен лист на ДФЈ" број 40/45) односно членовите 4 и 26 од Законот за конфискација на имотот и за извршување на конфискација („Службен лист на ФНРЈ" број 61/46).

Третите лица кои согласно со членовите 22 и 23, односно членовите 21 и 22 од законите наведени во став 3 на овој член не истакнале излачно барање во постапката за извршување на конфискација, или такво барање во таа постапка не им било уважено, имаат положба на барател според одредбите на овој закон, а ако не се живи, положба на барател имаат нивните наследници.

Барањето за преиначување и укинување на одлуката со која е изречена казна конфискација на имот се поднесува до надлежниот суд според живеалиштето на осуденото во време на осудата во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Кон барањето од ставот 5 на овој член се приложува одлуката со која е изречена казната конфискација на имот во оригинал или во службено заверен препис.

По барањето од ставот 5 на овој член судот ќе постапи согласно со членот 389 од Законот за кривичната постапка, така што оцената дали се исполнети условите за укинување на казната конфискација утврдени со ставовите 1 и 2 на овој член ќе ја изврши врз основа на одлуката приложена согласно со ставот 6 на овој член и ќе ја преиначи со пресуда правосилната одлука, кога конфискацијата е изречена како споредна казна, односно ќе ја укине правосилната одлука, кога конфискацијата е изречена како единствена казна.

Правосилната судска одлука за укинување односно преиначување на одлуката за конфискација е основа за поведување на управна постапка за денационализација согласно со одредбите на овој закон.

Член 5

Лицата од членот 11 на овој закон кои според одредбите на овој закон имаат право да бараат враќање на имот, односно давање на надомест можат во рок од пет години по неговото влегување во сила да бараат враќање на имот или плаќање на надомест според одредбите на овој закон од:

1) секое лице кое според членот 3, односно членот 13 став 1 од законите наведени во членот 3 од овој закон не го предало на државата нивниот имот како имот на присилно отсутните лица, на што било должно независно од начинот како тој имот го стекнало во сопственост или во посед и

2) свој близок роднина, односно наследник кој нивен имот добил на управување, односно наследство, а не влегува во кругот на лицата кои според одредбите на овој закон имаат право да бараат враќање на имот, односно плаќање на надомест, кога такво право имаат наследниците на поранешниот сопственик.

Член 6

Предмет на денационализација не е имот:

1) одземен според Законот за ревизија на доделување земја на колонистите и аграрните интересенти во Народна Република Македонија и во Автономната Косовско-Метохиска област;

2) одземен по основа на губење државјанство по сила на закон или врз основа на правосилна пресуда и

3) за кој е склучена меѓудржавна спогодба (договор) за обештетување за одземен имот.

Предмет на денационализација не е одземено градежно земјиште и експроприран имот а имотно правните односи за овој имот се расправаат во согласност со прописите за градежно земјиште и експропријација.

Предмет на денационализација не е земјоделско земјиште и шуми опфатени со арондација, односно комасација, а имотно правните односи се расправаат во согласност со прописите за арондација и комасација на земјоделско земјиште и шуми.

Член 7

Предмет на денационализација не е одземен имот за кој е определен и примен надомест.

По исклучок од став 1 на овој член, ако одземениот имот за кој е примен надомест постои, имотот може да се врати при што барателот е должен да врати надомест во износ, на начин и постапка утврдени со прописот на Владата на Република Македонија од членот 31 став 2 на овој закон.

Член 8

Враќањето и надоместот за одземен имот се врши без право на надомест на обична штета и надомест за испуштена корист.

Член 9

Не се враќа во сопственост, а се дава надомест за:

1) имот кој по одземањето според закон станал добро во општа употреба и тоа: јавни плоштади, улици, сообраќајници, паркови, јавно-сообраќајни површини и други објекти на комунална инфраструктура;

2) имот на кој до денот на влегувањето во сила на овој закон право на сопственост стекнало друго физичко или правно лице со правно дело или одлука на надлежен орган;

3) национализиран сточен фонд (стада овци, кози, крупен добиток и друг сточен фонд);

4) имот кој се користи и е во функција за потребите на одбраната и безбедноста на Република Македонија;

5) имот даден од државата под концесија и

6) имот што се користи во јавно здравствените установи и установи за социјална и детска заштита и државното образование (училишта, амбуланти и болници).

По исклучок од точката 2 на став 1 од овој член не се дава надомест за имот стекнат со правно дело до влегувањето во сила на прописите за постапување со имотот којшто сопствениците морале да го напуштат и имотот кој им е земен од страна на окупаторот и неговите помагачи, согласно со членот 3 од овој закон, а сопственикот на имотот има право да бара од лицето кое на денот на влегувањето во сила на тие прописи било држател на неговиот имот, односно неговите правни наследници да му го врати имотот или да му плати надомест за истиот, а ако сопственикот не е жив, тоа право го имаат неговите наследници.

Барањето од ставот 2 на овој член може да се поднесе во рок од пет години по влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот во државна сопственост кој е предмет на денационализација, со пропис ја определува Владата на Република Македонија.

Член 11

Право да поднесе барање за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници на денот на влегување во сила на овој закон, според прописите за наследување (барател).

Барател во смисла на ставот 1 на овој член е лице кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија.

Член 12

По барање за денационализација одлучува Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи.

Член 13

Во постапката за денационализација се применуваат одредбите на Законот за општа управна постапка доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 14

Во постапката за денационализација правна заштита на имотните права и интереси на Република Македонија врши Јавното правобранителство на Република Македонија.

Член 15

Во постапката за денационализација не се плаќаат такси.

II. ВРАЌАЊЕ ВО СОПСТВЕНОСТ

Член 16

Недвижност се враќа во сопственост во целост или дел во состојба во која што се наоѓа на денот на влегувањето во сила на овој закон.

Недвижност се враќа како дел, кога не е можно целосно враќање, кога со тоа се согласил барателот и доколку е тоа возможно, ако со друг закон поинаку не е определено.

Член 17

За недвижност чија вредност по одземањето е зголемена преку една половина државата на барателот му понудува по следниов приоритет:

1) враќање во сопственост доколку се плати разлика за зголемената вредност на недвижноста;

2) воспоставување сосопственички дел до висината на првобитната вредност на недвижноста и

3) плаќање надомест.

Разликата во вредноста од ставот 1 точка 1 на овој член барателот е должен да ја плати во рок од една година од правосилноста на решението за денационализација, а ако разликата не ја плати во определениот рок се воспоставува сосопственички дел до висината на првобитната вредност на недвижноста, со државата.

Член 18

Недвижноста чија вредност по одземањето е намалена преку една половина се враќа во сопственост со плаќање на разлика за намалената вредност на недвижноста.

Разликата во вредноста од ставот 1 на овој член државата е должна да ја надомести на начин предвиден со овој закон.

Член 19

Кога се враќа недвижност во сопственост, помошните и на нив слични простории и објекти, како и прирастоците и споредните предмети ја делат судбината на недвижноста.

Член 20

Имот вратен во сопственост се предава во владение по исполнување на условите утврдени во правосилното решение за денационализација.

Предавањето на имот што се враќа во сопственост ќе го изврши органот за денационализација по барање на барателот согласно со ставот 1 на овој член.

Ако имотот вратен во сопственост е во владение на корисник, тој е должен на барателот да му го предаде имотот согласно со ставот 1 на овој член во присуство на органот за денационализација, а во случај на договор меѓу барателот и корисникот нема да се спроведе административно извршување во управна постапка.

Ако баратели се повеќе наследници на поранешниот сопственик, органот за денационализација ќе го предаде имотот на чување на доверливо лице кое може да биде еден од наследниците или друго лице кое ќе го определат мнозинството од наследниците, односно можните наследници. За оваа мерка органот за денационализација ќе го извести надлежниот суд согласно со Законот за вонпроцесна постапка.

Ако предавањето во владение не е извршено согласно со ставот 1 на овој член на барателот му следува закупнина до денот на предавање во владение, според прописите на облигационото право, која паѓа на товар на корисникот на имотот кој не го предава во владение.

Корисникот на посеано, односно насадено земјоделско земјиште има право да ги собере плодовите за што може да бара предавањето на земјиштето во владение да се одложи најдоцна за 12 месеци од исполнувањето на условите од ставот 1 на овој член, ако поинаку не се договори со барателот.

Член 21

Кога се враќа во сопственост недвижност издадена во закуп во поглед на престанокот на закупот и закупнината се применуваат прописите на облигационото право што се однесуваат на оттуѓување на закупен предмет, доколку со овој закон поинаку не е определено.

Член 22

Земјиштето кое на денот на влегување во сила на овој закон е земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта и утрини се враќа во сопственост.

Кога се враќа во сопственост земјоделско земјиште, шуми, шумско земјиште, пасишта и утрини во состав на комплекси се стекнува право на сосопственост врз земјиштето со државата.

Имотно-правните односи меѓу државата и сосопственикот, односно сосопствениците, во рамките на комплексите се уредуваат според прописите на имотно право, со тоа што при физичка делба на земјиштето на сопственикот му припаѓа земјиштето вратено согласно со ставот 1 од овој член.

Член 23

Се враќаат во сопственост станбени згради и станови во кои не живеат носители на право на користење, како и станбени згради и станови во кои живеат носители на право на користење, а кои имаат станбена зграда или стан во сопственост, со денот на влегување во сила на овој закон.

Станбени згради и станови во кои живеат носители на право на користење, а немаат станбена зграда или стан во сопственост не се враќаат во сопственост, а поранешните сопственици имаат право на надомест според одредбите на овој закон.

Член 24

Деловни згради и деловни простории се враќаат во сопственост ако со овој закон поинаку не е определено.

Член 25

Движен предмет се враќа во сопственост ако постои и може да се идентификува, освен ако поинаку не е определено со закон.

Член 26

За одземен имот кој се наоѓал во претпријатие трансформирано според прописите за трансформација

на претпријатијата со општествен капитал, Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал врз основа на правосилно решение за денационализација, во рок од 30 дена од презентирањето на обврзниците од серијата „А" му ги предава на барателот во сопственост акциите, уделите и недвижностите во висина на резервираниот дел кои со договор се пренесени на Агенцијата како и закупнината и другите погодности, намалени за трошоците, односно акциите, уделите и дивидентите што произлегуваат од нив во согласност со членовите 38 став 3 и 39 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Барателот има право да бара разлика, доколку со тоа што му е вратено согласно со ставот 1 на овој член не остварил надомест определен со членот 31 став 2 од овој закон.

Разликата од ставот 2 на овој член ќе биде надоместена согласно одредбите за надомест од овој закон.

Член 27

Барателот има право на надомест според одредбите на овој закон и во случаите кога тој не поднел барање во постапката за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, односно кога во таа постапка поднел барање, но не можел да биде намирен, како и кога одземениот имот не постои.

Член 28

Кога не е извршена трансформација на претпријатие со општествен капитал се враќа во сопственост недвижност или друго средство за кое е поднесено барање за денационализација, ако во времето на поднесувањето на барањето претпријатието располага со нив и ако со тоа не се нарушува градежната, техничката и технолошката целина на претпријатието.

Дали се нарушува градежната, техничката и технолошката целина на претпријатието од ставот 1 на овој член е претходно прашање кое се разрешува во посебна постапка меѓу барателот за денационализација и претпријатието, договорно или во случај на спор пред надлежен суд.

Член 29

За одземен имот што се наоѓа во претпријатие под стечај, како и за имот кој се наоѓа во претпријатие на кое е спроведен стечај, на барателот му припаѓа надомест согласно со членот 31 став 2 на овој закон.

Член 30

Во вредноста на имотот од членовите 26, 27, 28 и 29 на овој закон не се засметува вредноста на деловите од претпријатието кои се припоиле кон него по извршеното одземање, како и вредноста на градежното земјиште на кое се изградени објекти на претпријатието.

III. НАДОМЕСТ

Член 31

Надомест се дава за имот кој не се враќа, како и кога имотот не се враќа затоа што престанал да постои.

Надомест во смисла на став 1 од овој член се определува според состојбата на имотот во моментот на одземањето, согласно со Уредбата за процена на вредноста и утврдување надомест за денационализиран имот што ја донесува Владата на Република Македонија.

Член 32

Надоместот се дава во вид на обврзници.

Член 33

Во случаите кога за одземена недвижност која денес не постои, во надомест е дадена друга недвижност, тогаш како надомест се смета дадената недвижност.

Член 34

За надоместот кој се дава во вид на обврзници Република Македонија издава обврзници.

Обврзниците гласат во ДЕМ и на нив не се пресметува камата.

Обврзниците гласат на доносител и се издаваат во апоени од 50, 100, 500 и 1.000 ДЕМ.

Прометот на обврзниците е слободен и не подлежи на плаќање данок на промет.

Член 35

Содржината, формата и текстот на обврзниците ги пропишува министерот за финансии.

Член 36

Обврзниците се издаваат во две серии и тоа како серија „А" и серија „Б".

Корисникот на надоместот самостојно се определува дали надоместот ќе го земе во обврзници од серијата „А" или во обврзници од серијата „Б".

Корисникот на надоместот за кој веќе се резервирани акции или удели согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал првенствено се намирува од обврзниците од серија „А".

Член 37

Кога надоместот се зема во обврзници од серија „А" во тој случај надоместувањето ќе се врши во висина од 100% од утврдениот надомест.

Член 38

Кога надоместот се зема во обврзници од серија „Б" во тој случај надоместувањето ќе се врши во висина од 60% од утврдениот износ на надомест, но не повеќе од денарска противвредност од 100.000 ДЕМ.

Член 39

Отплата на обврзниците од серија „А" се врши со замена на друг еквивалент на сопственост и тоа:

– за акции и удели на претпријатијата кои ги поседува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал;

– за акции и удели на претпријатијата кои се резервирани за поранешните сопственици согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал;

– за акции и удели на претпријатијата со кои управува Агенцијата за санација на банка;

– за побарување на Агенцијата за санација на банка од претпријатијата, а кои се предмет на продажба;

– за купување на државен имот кој е понуден на продажба и за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со државни обврзници и

– за друг еквивалент на сопственост определен со закон.

Отплатата на обврзниците од серијата „А" застарува во рок од десет години од денот на издавањето на обврзниците.

Член 40

Отплатата на обврзниците од серија „Б" се врши во денари со среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на плаќањето.

Отплатата на обврзниците од став 1 на овој член ќе се врши во рок од 30 години во еднакви годишни рати, врз основа на купони што ги содржи обврзницата, а кои пристигнуваат за отплата на 1 јули секоја година почнувајќи од 1 јули 2000 година.

Обврските од обврзниците застаруваат за една година од денот на пристигнувањето на отплатата.

Член 41

Средствата за отплата на годишните рати од обврзниците од серија „Б" се обезбедуваат од:

1) дел од средствата што се остваруваат со трансформација на претпријатијата со општествен капитал;

2) средствата од продажба на имот на Република Македонија кои со друг закон не се определени за друга намена;

3) средствата остварени од закуп на државен имот ако со друг закон не се определени за друга намена;

4) средствата што се остваруваат според одредбите од овој закон (надомест за вратен имот, надомест за зголемена вредност на вратен имот и данок на наследство);

5) дел од средствата на Буџетот на Република Македонија и

6) други приходи утврдени со закон.

Член 42

Средствата од членот 41 на овој закон се прибираат во Буџетот на Република Македонија.

Средствата од став 1 на овој член се водат на посебна жиро сметка – Средства за денационализација.

Член 43

Прибирањето, исплатата и евиденцијата на средствата од членот 42 на овој закон го врши Министерството за финансии.

Член 44

Работите на евидентирањето на обврзниците од серија „А" и серија „Б" и пресметувањето и сервисирањето на отплатата на годишните рати од обврзниците од серија „Б", во име и за сметка на Република Македонија може да се доверат и на друг од Владата овластен правен субјект за работи со хартии од вредност во Република Македонија кој ќе понуди поповолни услови.

Договор за вршење на работите од ставот 1 на овој член во име и за сметка на Република Македонија склучува министерот за финансии.

IV. ПОСТАПКА

Член 45

Постапката за денационализација се поведува на предлог од барателот (барање).

Кога за една иста недвижност, еден или повеќе движни предмети се поднесени барања од повеќе поранешни сопственици, или од повеќе наследници на еден, односно повеќе поранешни сопственици, по сите барања се води една постапка и се донесува едно решение за денационализација.

Член 46

Барањата се поднесуваат до Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи (орган за денационализација) (член 12).

Барањата кои се однесуваат на недвижен имот се поднесуваат до Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи на подрачјето каде што се наоѓал тој имот во време на одземањето.

Барањата кои се однесуваат на движен имот се поднесуваат до Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи на подрачјето каде што се наоѓало живеалиштето на поранешниот сопственик во време на одземањето на тој имот.

Член 47

Барањето од членот 45 на овој закон се поднесува на образец што го пропишува министерот за финансии.

Образецот од ставот 1 на овој член особено треба да содржи податоци за имотот за кој се бара враќање, замена, односно плаќање на надомест, правна основа за одземањето, како и за видот и начинот на враќањето.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се поднесува:

1) актот за одземање на имотот;

2) доказ за државјанство на Република Македонија стекнато до денот на влегување во сила на овој закон и

3) доказ за сопственост на имотот ако од актот за одземање на имотот не може да се идентификува одземениот имот односно неговиот сопственик и тоа:

– за недвижности – правото на сопственост се докажува со тапија, договор, пресуда и решение и

– за движни предмети – писмени докази (договори за прибавување фактури и пресуди).

Актите од ставот 3 на овој член се поднесуваат во оригинал или во службено заверен препис.

Член 48

Ако актот за одземање на имотот и доказите за сопственост барателот не може да ги приложи, а тие се наоѓаат кај сегашниот корисник или кај друг орган, односно организација, органот за денационализација ќе ги прибави од нив по службена должност.

Сегашниот корисник, органот и организациите од ставот 1 на овој член се должни на органот за денационализација да му ја достават соодветната документација која ја имаат во рокот определен од органот за денационализација.

Член 49

Барањето може да се поднесе во рок од три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член барање за враќање на имот може да се поднесе само доколку во меѓувреме не настапиле правни и фактички промени, а најдоцна во рок од пет години од денот на влегување во сила на овој закон.

По истекот на рокот од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон може со тужба во парнична постапка да се бара плаќање на надомест, а враќање на имот само ако нема правни и фактички пречки.

Член 50

Кога според одредбите на овој закон е признаено право на избор, барателот е должен изборот да го изврши пред донесувањето на решението за денационализација, во рок што ќе му го определи органот за денационализација.

Ако барателот, односно барателите не го извршат изборот во определениот рок, органот за денационализација приоритет ќе му даде на враќањето во сопственост.

Член 51

Решението за денационализација органот за денационализација е должен да го донесе најдоцна во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето, а во посложени случаи и по истекот на овој рок, но најдоцна шест месеци по решавањето на претходното прашање.

Решението од ставот 1 на овој член се донесува без одржување на расправа и сослушување на сведоци.

Примерок од решението за денационализација се доставува на барателот, јавниот правобранител и корисникот на имотот.

Член 52

Решението за денационализација содржи податоци за:

1) поранешниот сопственик на кој му е одземен имотот, односно поранешните сопственици на кои им бил одземен имотот;

2) имотот што бил одземен и основот, односно актот на одземањето;

3) имотот што се враќа, односно надоместот што се дава;

4) лицата на кои им се враќа имотот, односно им се дава надоместот;

5) начинот на давање надомест;

6) обврска на барателот во определен рок да плати зголемена вредност согласно со членот 17 став 2 од овој закон;

7) обврска на државата да му плати на барателот разлика за намалена вредност согласно со членот 18 став 2 од овој закон;

8) обврска на барателот да му се даде надомест според членот 26 од овој закон и

9) рокот за предавање на имотот што се враќа, односно обврска на корисникот на имотот да му го предаде имотот на барателот.

Правосилното решение од ставот 1 на овој член се доставува по службена должност до органот за јавни приходи и до органот за геодетски работи за евиденција во јавните книги, како основа за промена на правата на имотот.

Член 53

Во решението за денационализација се означува дека имотот му се враќа, односно надоместот му се дава на поранешниот сопственик (поранешните сопственици) односно на неговите (нивните) наследници.

Кога поранешниот сопственик е умрен или прогласен за умрено лице, решението за денационализација гласи на наследниците на поранешниот сопственик без нивно именување.

Во случајот од ставот 2 на овој член, решението за денационализација ги содржи сите елементи предвидени во членот 52 став 1 од овој закон, освен имињата на наследниците, а без назначување на имињата на наследниците се формулираат од членот 52 точките 6 до 9 на овој закон.

Правосилното решение за денационализација е основа за поведување оставинска постапка во смисла на прописите за наследување, односно за поведување оставински постапки. Правосилното решение органот за денационализација му го доставува на судот надлежен за поведување оставинска постапка според прописите за вонпарничната постапка.

Во решението за прогласување на наследници, покрај прогласените наследници и нивните наследни делови, се внесуваат податоците од членот 52 став 1 на овој закон, а правата и обврските на наследниците од членот 52 став 1 точки 6 до 9 на овој закон се формулираат согласно со наследничките делови.

Правосилното решение за прогласување на наследници судот го доставува на:

1) органот за денационализација за постапување во согласност со членот 20 ставови 1 и 2 од овој закон и

2) органите наведени во членот 52 став 2 од овој закон.

Член 54

Кога актот за одземање имот гласи на друго лице, а не на поранешниот сопственик за што во постапката за денационализација и двете странки поднеле барање за денационализација, и меѓу нив се појавил спор, органот за денационализација, пред да го донесе решението од членот 52 став 1 на овој закон, со заклучок ќе ја упати странката на која гласи актот за одземање на имотот да поведе парница пред надлежниот суд во определен рок.

Правосилната судска пресуда го обврзува органот за денационализација во поглед на лицето на кое му се враќа имотот, односно му се плаќа надомест.

Ако странката не ја поведе парницата во определениот рок на што била упатена согласно со ставот 1 на овој член, органот за денационализација решението за денационализација ќе го донесе согласно со актот за сопственост.

Член 55

Кога актот за одземање на имотот гласи на име на поранешен сопственик кој поднел барање за денационализација, а доказот за сопственост гласи на лице кое не поднело такво барање, со решението од членот 52 на овој закон ќе се врати имотот, односно ќе се определи да се плати надомест на барателот, односно на неговите наследници.

Со решението од ставот 1 на овој член не се задира во правото на трети лица со тужба пред надлежен суд да бараат лицата на кои им е вратен имотот или платен надомест ним да им го предадат вратениот имот односно да им го предадат исплатениот надомест во роковите предвидени со прописите за имотното право.

Член 56

Кога барателот е поранешен сопственик во постапката за денационализација може да се склучи спогодба – порамнување за враќање на имот, односно давање на надомест за целиот или за дел од имотот.

Порамнувањето од ставот 1 на овој член го склучуваат поранешниот сопственик и јавниот правобранител, а ако се враќа земјоделско земјиште согласно со членот 22 став 2 од овој закон во склучувањето на порамнувањето учествуваат и корисниците на земјиштето.

Порамнувањето од ставот 1 на овој член е извршна исправа.

Член 57

Против решението на органот за денационализација може да се изјави жалба до Владата на Република Македонија.

Член 58

Против решението на Владата на Република Македонија може да се поведе управен спор.

Член 59

Кога е поднесено барање за имот од членот 3 став 1 на овој закон, а кон барањето не се поднесени ниту актот за одземање ниту докази за сопственост според членот 47 став 3 точки 1 и 3 од овој закон органот за денационализација, пред да го донесе решението од членот 52 став 1 на овој закон, со заклучок ќе го упати барателот во определен рок да поведе пред надлежниот суд парница за утврдување на постоење на правото на сопственост.

Ако во рокот определен согласно со ставот 1 на овој член барателот не поведе парница, органот за денационализација со решение ќе го одбие барањето за враќање на имот или за плаќање на надомест, а барателот може тоа барање да го истакне во тужба, ако не истекол рокот од членот 49 став 3 на овој закон и под условите предвидени во таа одредба.

Член 60

Правосилното решение за враќање на имот од членовите 52 и 55 став 1 на овој закон, за прогласување на наследници од членот 53 став 4 на овој закон и порамнувањето за враќање на имот од членот 56 на овој закон, се основа за запишување на сопственоста во евиденцијата за правата на недвижностите.

Член 61

Во постапката за денационализација не се применуваат одредбите за враќање во поранешна состојба и за обнова на постапката.

Заинтересираните лица можат своите права спрема лицата на кои им е вратен имот или платен надомест

според одредбите од овој закон да ги остваруваат со тужба пред надлежниот суд во рок од пет години по правосилноста на решението за денационализација.

Член 62

За поднесените барања за денационализација за донесените решенија и нивно извршување Министерството за финансии води посебна евиденција.

Министерот за финансии во согласност со министерот за правда ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата од став 1 на овој член.

Член 63

Владата на Република Македонија донесува Уредба за спроведување на постапката за денационализација.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 64

Со денот на влегувањето во сила на овој закон не е дозволено располагање со имотот што е предмет на денационализација, како и искористување на таков имот со кое се создаваат обврски за барателот.

Правните дела и едностраните изјави на волја што се во спротивност со став 1 на овој член се ништовни.

Член 65

Правото на залог на недвижност што се враќа во сопственост според одредбите на овој закон престанува со правосилноста на решението за денационализација.

Заложниот доверител може да бара засновање на залог по сила на овој закон врз друга недвижност на заложниот должник, а ако должникот нема таква може спрема него да бара присилна наплата од друг негов имот.

Кога согласно со ставот 1 на овој член престанува правото на залог, врз недвижност, на барање од лицето кому недвижноста му е вратена се запира постапката за засновање на заложно право врз недвижност, односно постапката за продажба на недвижност ставена под залог.

Ако заложниот доверител не може да го наплати побарувањето согласно со ставот 2 на овој член во тој случај правото на залог на недвижност не престанува и недвижноста не се враќа во сопственост.

Член 66

Правото на службеност, врз имот што се враќа во сопственост според одредбите на овој закон, освен стварните службености престанува со правосилноста на решението за денационализација.

Член 67

Основаноста на барањето за враќање на имотот, односно надомест на одземениот имот според одредбите на овој закон, ќе се цени без оглед на тоа дали до влегувањето во сила на овој закон веќе правосилно одлучил судот или друг државен орган по барање за враќање, односно надомест на одземениот имот, а барањето било правосилно одбиено

Член 68

Прописите што се предвидени со овој закон, ќе се донесат најдоцна во рок од осум месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 69

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

580.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 1998 година.

Број 07-1641/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА

Член 1

Во Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" број 33/95), во членот 2 став 1 алинеја 12, на крајот од реченицата сврзникот „и" се заменува со точка и запирка, а по алинејата 13 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

„– изградба на објекти за дипломатско-конзуларни претставништва и амбасадорски комплекси или резиденции, меѓународни организации и меѓународни претставништва и

– изградба на службени објекти за државни органи".

Член 2

Членот 3 се менува и гласи:

„Експропријацијата може да се врши за:

1. Државата – за свои потреби, за потребите на јавните претпријатија основани од државата, јавните фондови, образованието, воспитанието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и спортот кога дејноста се врши како јавна (државна) служба.

2. Општините и градот Скопје – за потребите на единиците на локалната самоуправа и за потребите на јавните претпријатија и фондови основани од општините, односно градот Скопје;

3. За потребите на правни и физички лица за изградба на објекти и изведување на други работи од јавен интерес, предвидени во член 2 на овој закон".

Член 3

Во членот 9 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „кој паѓа на товар на корисникот за чии потреби е експроприрана недвижноста".

Член 4

Во членот 11 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „за чии потреби е експроприрана недвижноста".

Член 5

Во членот 13 се додаваат нови ставови 2, 3 и 4 кои гласат:

„Кога експропријацијата се врши за потребите на државата, предлогот за експропријација го поднесува

јавниот правобранител на Република Македонија (член 3 точка 1).

Кога експропријацијата се врши за потребите на јавните претпријатија основани од државата, јавните фондови, образованието, воспитанието, науката, културата, здравството, социјалната заштита, спортот, кога дејностите се вршат како јавни (државна) служба, и за потребите на општините и градот Скопје јавните претпријатија и фондови основани од општините, односно градот Скопје, предлогот за експропријација го поднесуваат тие субјекти или од нив овластени лица.

Кога експропријацијата се врши за потребите на правни или физички лица, предлогот за експропријација го поднесуваат тие лица".

Член 6

Во членот 15 во точката 5 на крајот од реченицата се додаваат зборовите: „(сметка од која ќе се исплаќа надоместот или банкарска гаранција)".

Член 7

Во членот 22 по ставот 2 зборовите: „По барање на поранешниот сопственик на експро-" се бришат.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Во случај на пренамена на целта за која била извршена експропријација на недвижност со измена на урбанистички план, решението за експропријација може да се поништи по барање на поранешниот сопственик или по барање на субјектот за чии потреби е експроприрана недвижноста".

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„Кога предмет на експропријација е недвижност на која постои објект, правосилното решение за експропријација може да се поништи ако објектот постои".

Во ставот 6 кој станува став 7 во вториот ред по бројот „2" сврзникот „и" се заменува со запирка, а по бројот „3" се додаваат броевите „4 и 5".

Во ставот 7 кој станува став 8 во вториот ред по зборот „експропријацијата" се додаваат зборовите: „за чии потреби е експроприрана недвижноста, односно неговиот правен следбеник".

Член 8

Во членот 39 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Со склучувањето на спогодбата, поранешниот сопственик се стекнува со право на сопственост на недвижноста која му е дадена како надомест во замена за неговата сопственост".

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

Член 9

Во членот 45 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Ако имателот на објектот не ја исполни обврската од ставот 2 на овој член, уривањето ќе го изврши органот надлежен за работите на урбанизмот".

Ставот 3 станува став 4.

Член 10

Во членот 50 по зборот „сопственик" се додаваат зборовите: „или корисникот на експропријацијата (субјект за чии потреби е експроприрана недвижноста)".

Член 11

Во членот 51 на крајот од реченицата, точката се брише и се додаваат зборовите: „на товар на субјектите за чии потреби е експроприрана недвижноста, односно нивни правни следбеници".

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

581.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 1998 година.

Број 07-1674/1
23 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

З А К О Н

ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Член 1

Република Македонија, како гарант, презема обврска да ги намири обврските по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем што ќе се склучи меѓу Меѓународната банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија, во вкупен износ од 61,5 милиони германски марки, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП Електростопанство на Македонија не го отплати кредитот.

Член 2

Заемот од член 1 на овој закон ќе го отплатува ЈП Електростопанство на Македонија од своите приходи.

Член 3

Средствата од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој ќе се користат за финансирање на санацијата на шесте најголеми хидроенергетски постројки во Република Македонија, подобрување на работата на ЈП Електростопанство на Македонија, вклучувајќи контрола, диспечерски центар и врски, како и отпочнување на санација на системот за снабдување со електрична енергија.

Член 4

Заемот од член 1 на овој закон ќе се отплатува во рок од 20 години, грејс период од пет години и со каматна стапка шестмесечен ЛИБОР + 0,5% во едновалутен систем базиран на германската марка.

На неповлечените средства од заемот ќе се плаќа провизија во износ од 0,75%.

Член 5

Доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со Договорот за заем, во име на ЈП Електростопанство на Македонија како заемопримач, ги плати Ре-

публика Македонија, министерот за финансии, по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на носителот на платен промет да пренесе во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемено за пресметаната камата и за трошоците од сметката на корисникот на заемот.

Член 6

Министерството за финансии ќе пресметува и наплатува 1% провизија на износот на заемот за кој се дава гаранција, во согласност со амортизациониот план од Договорот за заем.

Провизијата од став 1 на овој член се пресметува од денот на издавањето на гаранцијата за заем и е приход на Буџетот на Република Македонија.

Провизијата ќе се пресметува се до известувањето од Меѓународната банка за обнова и развој за престанување на потребата од условеноста на заемот со гаранција од државата.

Член 7

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

582.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 1998 година.

Број 07-1673/1
23 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 14/95, 17/96 и 36/97) по членот 23 се додава нов член 23-а кој гласи:

„Член 23-а

Агенцијата може да откупи акции на банката и истите да ги продаде на приватни инвеститори.

Под приватни инвеститори во смисла на ставот 1 од овој член се подразбираат домашни и странски физички и правни лица".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

583.

Врз основа на член 68 став 2 и член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија, а во врска со точката 10 од Декларацијата за развојот на односите на Република Македонија со Европската унија („Службен весник на Република Македонија" број 7/98), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВАЊЕ И СОСТАВ НА КОМИСИЈА ЗА ЕВРОПСКИ И ЕВРО–АТЛАНТСКИ ИНТЕГРАЦИИ

Член 1

Заради координирање на активностите на Собранието на Република Македонија сврзани со процесите на европските и евро-атлантските интеграции се основа комисија за европски и евро-атлантски интеграции како постојано работно тело на Собранието (во натамошниот текст: Комисија).

Член 2

Комисијата ги врши следниве работи:

– ги разгледува прашањата што се однесуваат на европските и евро-атлантските интеграции и вклучувањето на Република Македонија во овие интеграции;

– обезбедува усогласување на ставовите за собраниските активности во поглед на клучните прашања сврзани со процесите на интеграција во европските и евро-атлантските структури;

– ги оценува реализираните и иницира натамошни активности во врска со овие интеграции;

– презема активности за усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија и со актите на меѓународните организации чиј член е Република Македонија;

– обезбедува градење ставови за настапи на претставниците на Собранието на Република Македонија во меѓународните организации и институции во врска со прашањата на европските и евро-атлантските интеграции;

– иницира разгледување прашања од страна на работните тела на Собранието на Република Македонија и

– врши други работи во врска со усогласувањето на собраниските активности сврзани со процесите на европските и евро-атлантските интеграции.

Член 3

Комисијата се состои од претседател и членови.

Претседателот на Собранието на Република Македонија е претседател на Комисијата.

Членови на Комисијата се: потпретседателите на Собранието на Република Македонија, координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија, шефовите на делегациите и претседателите на пратеничките групи на Собранието во парламентарните собранија на европските и евро-атлантските организации.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1656/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с.р.

584.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР „КУМАНОВО" – КУМАНОВО

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар „Куманово" – Куманово, се избираат:

Александар Ивановски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Назми Маљичи, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Благоја Стојковски, пратеник во Собранието на Република Македонија и
Борис Станковски, пензионер од Куманово.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1657/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

585.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ПЕХЧЕВО

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом – Пехчево, се избираат:

Бранко Туџарски, технички директор на „Црвена Звезда" – Пехчево,
Љупчо Бојчески, од „Комуналец" – Пехчево,
Војо Ковачев, директор на „Рамна Река" – Пехчево и
Звонко Бочварски, приватен стопанственик од Пехчево.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1658/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

586.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – ТЕТОВО

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита – Тетово, се избираат:

Абдулади Вејсели, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Мирко Трипуновски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Џеладин Мурати, пратеник во Собранието на Република Македонија и
Звонко Стојановски, комерцијален директор на ХЕК „Југохром" – Јегуновце.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1659/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

587.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗДРАВСТВЕН ДОМ – БЕРОВО

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом – Берово, се избираат:

Митко Илијевски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Драги Тополовски, секретар на Советот на општина Берово,
Александар Гердовски, директор на „Треска" – Берово и
Венко Багашовски, заменик на директорот на ЈПКР „Услуга" – Берово.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1660/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

588.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ГЕРОНТОЛОШКИ ЗАВОД „13 НОЕМВРИ" – СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Геронтолошки завод „13 Ноември" – Скопје, се избираат:

д-р Тихомир Крцковски, професор на Медицинскиот факултет – Скопје,
д-р Ѓорѓи Зогравски, професор на Медицинскиот факултет – Скопје,
Методија Петревски од „Силекс" – Скопје и
Имер Исмаили, сопственик на приватната ординација – Скопје.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1661/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

589.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ПРИРОДНО ЛЕКУВАЛИШТЕ „НЕГОРСКИ БАЊИ" – ГЕВГЕЛИЈА

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно лекувалиште „Негорски бањи" – Гевгелија, се избираат:

Костанда Бегова, раководител на подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување – Гевгелија,
Зоран Ѓуров, директор на А.Д. „7 Ноември" – Гевгелија,
Миле Савиќ, раководител на подрачната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија – Гевгелија и
Петар Узунов, вработен во ПТТ – Гевгелија.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1662/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

590.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО „ЧАИР" – СКОПЈЕ

1. За членови на Управниот одбор на Специјалната болница за гинекологија и акушерство „Чаир" – Скопје се избираат:

Душан Николовски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Анка Георгиева, помошник на министерот за здравство,
Мевљан Тахири, пратеник во Собранието на Република Македонија и
Зоран Шапуриќ, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1663/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

591.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГРАДСКАТА ОПШТА БОЛНИЦА „МОША ПИЈАДЕ" – СКОПЈЕ – КЛИНИКА ЗА ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ

1. За членови на Управниот одбор на Градската општа болница „Моша Пијаде" – Скопје – Клиника за хируршки болести, се избираат:

Јордан Божиноски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Ферид Мусовски, пратеник во Собранието на Република Македонија,
Ризван Сулејмани, пратеник во Собранието на Република Македонија и
Јован Лазаров, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1664/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

592.

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст),Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА – МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР – СТРУГА

1. Во Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација – Медицински центар – Струга („Службен весник на Република Македонија" број 7/98), во точката 1 наместо „Благоја Силјановски" треба да стои „Марјан Котлар".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1665/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

593.

Врз основа на член 13 став 3 од Законот за сценскоуметничката дејност („Службен весник на СРМ" број 4/86, 51/88 и „Службен весник на Република Македонија" број 12/93), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОВЕТОТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ТАНЕЦ" – СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат досегашните претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" – Скопје, поради истекот на времето за кое се именувани:

Владимир Станковски,
Цветан Николовски и
д-р Томе Саздов.

2. За претставници на Републиката во Советот на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" – Скопје, се именуваат:

Зоре Темелковски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Владимир Станковски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Марјан Начевски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 07-1666/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Тито Петковски, с.р.

594.

Врз основа на член 73 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на РМ" бр. 19/95 и 55/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр.63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.04.1998 година, донесе

УРЕДБА
ЗА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишува видот, составот, бојата и кројот на униформата на полицијата, дополнителните делови на униформата и ознаките на униформата на полицајците во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството).

Член 2

Полицајците имаат зимска и летна униформа.

За одредени работни места во полицијата и во свечени прилики се носи свечена униформа. Работните места се определуват со акт на министерот за внатрешни работи.

Кога извршуваат посебни задачи полицајците имаат униформа која е наменета за извршување на тие задачи, а обврзниците кои имаат распоред во полицијата или се ангажираат за извршување на определени работи од надлежност на Министерството носат униформа пропишана за резервниот состав на полицијата.

Полицајците кои вршат работи и задачи на внатрешно обезбедување во објекти и на личности кои се обезбедуваат имаат и цивилна облека.

II. УНИФОРМА

1. Зимска униформа

а) Зимска униформа на полицајците

Член 3

Зимската униформа на полицајците се состои од: сако, панталони, шапка, зимска капа, кошула со долги ракави, вратоврска, џемпер, шал, поткапа, ветровка со влошка, кожни нараквици, длабоки чевли, теренски чевли и зимски чорапи – доколеници.

Член 4

Деловите од зимската униформа на полицајците го имаат следниот крој и боја:

1. Сакото е од камгарн (85% волна и 15% синтетика) со отворени ревери и благо изразен струк и е доволно комотно.

Сакото е поставено и има по еден џеб од двете внатрешни страни.

Ракавите на сакото се долги до половината на дланката на природно опуштена рака. Сакото однапред се закопчува со четири копчиња во бронзена боја со пречник од 22 мм. на кои во вид на рељеф е изработено шеснаесеткрако сонце. (Прилог број 1). Копчињата се сошиени на десната страна од сакото на подеднакво меѓусебно растојание.

На сакото од надворешната страна, на градите и на долниот дел на двете страни се наоѓа по еден џеб со испуска и капак кој се закопчува со копче во бронзена боја со пречник од 16 мм на кое во вид на рељеф е изработено шеснаесеткрако сонце. Широчината на гор-

ните џебови е од 12 до 16 см. а должината од 14 до 19 см. Широчината на долните џебови е од 16 до 22 см., а должината од 18 до 23 см.

Нараменските се од истиот материјал како и сакото, и истите до ракавот се со широчина од 60 мм., а при врвот се со широчина од 45 мм. Нараменските со едниот крај се сошиени на ракавот, а другиот крај кој завршува во форма на тап агол, се закопчува до околувратникот со копче во бронзена боја со пречник од 14 мм. на кое во вид на рељеф е изработено шеснаесеткрако сонце.

Сакото одзади има прорез кој започнува на 6 до 8 см. од половината.

На околувратникот на сакото на двата краја однапред се наоѓа ромбоид од истиот материјал од кое е изработено и сакото со должина од 4 см. со широчина од 3,5 см порабен со испуска со златножолта боја со широчина од 3 мм.

Сакото е темно сива боја.

На горниот дел од десниот ракав на сакото, на растојание од 10 см. од горниот раб на ракавот е вшиен правоаголен амблем со димензии 10,5 x 2,5 см., изработен од чоја со темно сина боја на кој со бели букви е извезено „ПОЛИЦИЈА", а од внатрешната страна на растојание од 0,5 см. од надворешниот раб е опшиена жолта лента (Прилог бр. 2) . На горниот дел од левиот ракав од сакото, на растојание од 8 см. од горниот раб на ракавот е вшиен амблем во облик на штит со димензии 11,5 см x 9,5 см изработен од чоја со темно сина боја, на кој со бели букви е извезено „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" под тоа „ПОЛИЦИЈА", подвлечена со жолта линија по должината на целиот натпис, под која линија е извезено „POLICE", најдолу се наоѓа жолт венец во чија средина е впишано „РМ" (кратеница за Република Македонија), а целиот амблем, на растојание од 0,5 см. од надворешниот раб е извезена жолта лента. (Прилог број 3).

2. Панталоните се од камгарн со вообичаен крој со три надворешни фалти од страните имаат ширит од егализир светло сина боја, со широчина од 2 мм. Од двете страни и одзади на десната страна панталоните имаат по еден џеб и потребен број гајки за ремен.

Ногавиците на панталоните се без манжетни и на долниот крај се широки од 22 до 24 см., а од внатрешната страна на долниот дел ногавиците се опшиени со лента. На предниот внатрешен дел на ногавиците е проопшиена свилена постава.

Панталоните се темно сива боја.

3. Шапката е од камгарн и со вообичаен крој со благо свиткан данцет.

Сонцебранот е од целулоид или сличен материјал, црвена боја, со раб опшиен со кожа. На сонцебранот на околу 5 мм. од надворешниот раб е сошиен буриташ во златно жолта боја со широчина од 6 мм.

Подбрадокот на шапката е од ист материјал како сонцебранот со широчина од 16 мм., со две гајки од ист материјал со кои се прилагодува неговата должина и со краевите е прицврстен кон бортот со две копчиња од бронзена боја со пречник од 14 мм. на кои во вид на рељеф е изработено шеснаесеткрако сонце.

Полицајците кои имаат чин мајор или повисок чин над подбрадокот носат плетенка изработена од синтетичко влакно од златно жолта боја.

Данцетот на шапката е опшиен со ширит златно жолта боја со широчина од 2 мм. Шапката од внатре е поставена, а при дното има потница со широчина од 4 см.

Однапред на средината на бортот од шапката се носи ознака во сребрено бела боја во форма на штит со димензии 5,5 x 5 см. во чија средина е поставена ознака во сина боја во форма на круг со дијаметар 3 см. на која е изработен жолт ловоров венец во чија средина е впишано „РМ". (Прилог број 4). Полицајците кои имаат чин мајор или повисок чин наместо ознака во сина боја носат истоветна ознака во златно жолта боја. (Прилог број 5).

Шапката е темно сива боја, а бортот темно сина боја со широчина од 4 см. Шапката има навлака од непропустливо платно, темно сина боја, а шапката што ја носат полицајците што вршат работи на контрола и регулирање на патниот сообраќај, има навлака од бела боја.

4. Зимската капа е изработена од камгарн во темно сива боја (45% волна и 55% полиестер). Кројот на капата е „безбол" (капа со стреа). На предната страна на капата во средина има амблем везен на чоја во форма на штит, со димензии широчина 6,5 см. и висина 6 см. Подлогата на амблемот е извезена со конец од 100% свила во темно сина боја, а ловоровиот венец и ознаката „РМ" се извезени со конец од 100% свила во златно – жолта боја. Капата од внатре има постава, а на дното потница од 3,5 см.

Зимската капа се изработува во две варијанти:

– за основниот кадар на полицијата капата на предниот горен дел има темно сина испуска во форма на буквата „П";

– за старешинскиот кадар (со чин мајор или повисок чин) капата на горниот преден дел има жолта испуска во форма на буквата „П" и везена бордура на стреата во форма на венец од дабов лист во златно жолта боја од 100% свила, по 14 листови од секоја страна".

5. Кошулата со долги ракави е изработена од пуплин или друга слична ткаенина (67% памук и 33% синтетика) во светло сина боја и е со вообичаен крој. Крагната на кошулата има копчиња за прицврстување на вратоврската. Ракавите се нормални – во рачниот појас со две копчиња на манжетните и едно копче за затворање на отворот над манжетната.

6. Вратоврската е во темно сина боја, со вообичаен крој и должина, на која на 20 см. од долниот крај е втиснат истоветен амблем како на левиот ракав од сакото во размер 1:4.

7. Џемперот е со долги ракави, изработен од волнено предиво (60% волна и 40% синтетика) во темно сива боја, со вообичаен крој и со рол крагна која се затвора со патент или копчиња. На ракавите на џемперот се вшиени истоветни амблеми како и на сакото, а на местата на лактите има зајакнување од соодветен материјал темно сива боја. На џемперот има нараменици од истиот материјал како и зајакнувањето на ракавите, кои се со иста форма и крој како нараменските на сакото. На левата страна на растојание од 20 см. од горниот раб е поставен џеб, со отвор без капак порабен со ист материјал како зајакнувањето и со копче на средината.

Џемперот го носат полицајци кога работите и задачите ги извршуваат во затворена просторија.

8. Шалот е изработен од волнено предиво (60% волна и 40% синтетика) со вообичаена широчина и должина во оловно сива боја.

9. Поткапата е од волнено предиво (60% волна и 40% синтетика) во темно сива боја и доволно долга да го заштитува вратот.

10. Ветровката со влошка е од мешавина на памучно-синтетичка ткаенина (50% памук и 50% синтетика) во темно сина боја и поставена со свилена ткаенина од соодветна боја. Од рамената до висината на градите и преку грбот е зајакната и има влошка која допира до ракавите што може да се вади. Ветровката има појас и ќулавка кои се од иста ткаенина како и ветровката. Ќулавката е изработена така да ја покрива капата со заштитникот и поставена со свилена ткаенина во соодветна боја. Должината на ветровката достигнува до 25 см. над колениците.

Ветровката има четири обични копчиња во еден ред кои се во иста боја, како ткаенината.

На левата и десната страна на градите се врежани вертикално поставени џебови, нормална големина кои се затвораат со патент-затворувач.

На долниот дел од двете страни ветровката има по еден длабок џеб со преклоп. Џебовите се широки од 18 до 22 см., а високи од 24 до 28 см. Под нив од страната се наоѓа уште по еден џеб со иста големина. Ветровката, на левата страна од горе има внатрешен џеб, косо поставен.

На долниот дел на ракавите од ветровката има лента од истиот материјал долга 11 см. и широка 4 см., која се закопчува со копче во иста боја како и ветровката. На оддалеченост од 6 см. е сошиено уште едно копче.

Ветровката има нараменици од иста ткаенина со широчина од ракавите од 60 мм., а при врвот 45 мм.

На ракавите на ветровката се вшиени истоветни амблеми како и на сакото.

11. Кожните нараквици се вообичаен крој со раздвоени прсти, во црна боја, а од внатрешната страна се поставени со крзно

12. Длабоките чевли се вообичаен крој и без украси и во црна боја. Од внатрешната страна се поставени со крзно.

13. Теренските чевли се од мрсен спорт-бокс, со кожен меѓуѓон и надворешен ѓон од гума. На нив се нашиени глуждници за околу 8 см. над глуждот.

14. Зимските чорапи-доколеници се изработуваат од памучно предиво (70% памук и 30% синтетика) со вообичаен крој и имаат темно сина боја, а на 5 см. од горниот раб е втиснат истоветен амблем како на вратоврската.

б) Зимска униформа на полицајките

Член 5

Зимската униформа на полицајките се состои од: сако, панталони, здолниште, зимска капа, кошула со долги ракави, вратоврска, џемпер, шал, ветровка со влошка, кожни нараквици, плитки чевли, чизми и зимски хулахоп чорапи.

Член 6

Сакото, панталоните, кошулата со долги ракави, вратоврската, џемперот, шалот, ветровката со влошка и кожните нараквици од зимската униформа на полицајките, се изработени од ист материјал и се со иста боја и изглед како и соодветните делови од зимската униформа за полицајците, со тоа што нивниот крој е прилагоден според анатомската конструкција на жената.

Останатите делови од зимската униформа за полицајките го имаат следниот крој и боја, и тоа:

1. Здолништето е од камгарн темно сива боја со вообичаен крој, одзади со шлиц долг 20 см. и со патент затворувач. Од внатре е поставено со свилена ткаенина во соодветна боја. На појасот има потребен број гајки за ремен и едно копче.

2. Зимската капа е од камгарн со иста боја, состав, крој, изглед и варијанти како и зимската капа на полицајците.

3. Хулахоп-чорапите се со вообичаен крој зајакнати на прстите и петиците, во темно сива боја.

4. Чизмите се со вообичаен крој, црна боја, високи до коленици и без украс, а од внатрешната страна се поставени со крзно.

2. Летна униформа

а) Летна униформа на полицајците

Член 7

Летната униформа на полицајците се состои од: кратка виндјакна, панталони, шапка, летна капа, кошула со кратки ракави со нараменици, мантил за дожд, плитки чевли и чорапи.

Член 8

Одделните делови од летната униформа на полицајците го имаат следниот крој и боја и тоа:

1. Кратката виндјакна е од платно темно сина боја (50% памук и 50% синтетика), од внатре е поставена, со нашиен и превиткано поставен околувратник. Виндјакната се закопчува со патент-затворувач до под грлото, а реверите се прилагодени за отворање. На виндјакната, однапред на надворешната страна, се нашиени два џеба долу и еден џеб на горната лева страна. На виндјакната одзади има две вертикално поставени фалти на меѓусебно растојание од над 50 см. Виндјакната има појас, манжетни и дел од крагна изработени од плетен материјал.

Нараменските на виндјакната се од иста ткаенина како виндјакната и со иста форма и крој како на нараменските на сакото.

Копчињата на џебовите и нараменските се со иста боја, форма и големина како и на сакото.

На ракавите на виндјакната се вшиени истоветни амблеми како и на сакото.

2. Панталоните се тергал од темно сива боја (65% волна и 35% синтетика) и се со ист крој како и панталоните од зимската униформа и од предната страна имаат по три надворешни фалти.

3. Шапката се изработува од тергал и е од темно сива боја со ист крој како и шапката од зимската униформа со таа разлика што на обете страни има дупчиња за проветрување. Однапред на средината на бортот на шапката се носи истоветна ознака како и на зимската шапка.

4. Летната капа е изработена од тергал во темно сива боја (65% волна и 35% полиестер), со ист крој како и зимската капа со таа разлика што на двете страни има дупчиња за проветрување, а на задниот дел има ластик за прилагодување на главата. Обликот, големината и составот на материјалот на амблемот на летната капа се исти како и кај зимската капа.

Летната капа се изработува во истите варијанти како и зимската капа.

5. Кошулата со кратки ракави е изработена од платно – мешавина на памучни и синтетички влакна (67% и 33% синтетика) со нашиен и превиткано поставен околувратник. Кошулата со кратки ракави однапред е порабена, а се закопчува со копчиња со пречник од 10 мм. од иста боја како и ткаенината од која е изработена кошулата. Кошулата во горниот дел е отворена.

На кошулата од напред на градите има два џеба со испуска и преклоп погоден за закопчување. Ширината на џебовите е од 12 до 14 см., а должината од 14 до 16 см. Испуската на џебовите е од 2,5 до 3 см.

Нараменските на кошулата се од иста ткаенина како и кошулата и се со иста форма и големина како нараменските на сакото.

На кошулата на левиот и десниот ракав се вшиени истоветни амблеми како и на сакото.

6. Мантилот за дожд е од гумирана најлонска ткаенина и има ќулафка прилагодена за вадење како и ремен од иста ткаенина. Мантилот за дожд е прилагоден за прикопчување на влошката од ветровката.

Мантилот за дожд допира до половината на листовите на нозете. Се закопчува со четири копчиња во оловно сива боја. Однадвор од левата и десната страна на мантилот за дожд врежани се коси џебови со вообичаена големина.

Мантилот за дожд од околувратникот до средината на градите и преку плеќите зајакнат е со иста ткаенина. На плеќите под зајакнувањето, како и под поработ вшиена е мрежеста ткаенина која овозможува испарување на потта. На задниот дел се наоѓа проред покриен со капак. Мантилот за дожд е во темно сина боја.

Нараменските на мантилот за дожд се од ист материјал како и мантилот и се со иста форма и големина како кај сакото.

На мантилот за дожд вшиени се истоветни амблеми како и на сакото.

7. Плитките чевли се со вообичаен крој, црна боја, со кожен или гумен ѓон.

8. Чорапите се темно сива боја (70% памук и 30% синтетика), со вообичаена форма и длабочина и зајакнати на петиците и прстите, а на 5 см. над глуждот е зтиснат истоветен амблем како и на зимските чорапи.

б) Летна униформа на полицајките

Член 9

Летната униформа на полицајките се состои од: кратка виндјакна, здолниште, панталони, летна капа, кошула со кратки ракави со нараменици, мантил за дожд, плитки чевли и хулахоп чорапи

Член 10

Кратката виндјакна, панталоните, кошулата со кратки ракави, мантилот за дожд и плитките чевли од летната униформа на полицајките се изработени од истиот материјал и во иста боја и изглед како соодветните делови на летната униформа на полицајците, со тоа што нивниот крој е прилагоден според анатомската конструкција на жената.

Плитките чевли се со вообичаен крој, со потпетици и се во црна боја.

Останатите делови на летната униформа на полицајките го имаат следниот крој, боја и изглед:

1. Здолништето е од тергал и со крој, боја и изглед како и зимското.

2. Летната капа е од тергал со иста боја, состав, крој, изглед и варијанти како и летната капа на полицајците.

3. Хулахоп чорапите се со вообичаен крој во темно сива боја.

3. Делови што припаѓаат покрај зимската и летната униформа

Член 11

Покрај зимската и летната униформа на полицајците и полицајките им припаѓа и ремен со шнола, футрола за пиштол, футрола за резервен оквир, футрола за лисици за врзување, футрола за батериска лампа, футрола за клучеви и ремен со тока.

Ременот со шнола е од црна-бокс кожа, широк 50 мм и поставен е со иста кожа црна боја со црна шнола за дворедно закопчување, зајакната одоздола со елипсовидна црна кожа со широчина 7 см., а должина 20 см.

Футролите за пиштол, резервен оквир, батериска лампа, клучеви и лисици за врзување се изработени од црна бокс кожа.

Ременот со шнола и футролите за полицајците кои вршат работи и задачи од областа на сообраќајот се изработени од бела бокс-кожа.

Ременот со тока е со ширина 40 мм, изработен е од галантериска кожа во црна односно бела боја со дебелина од 2,5-3 мм. Токата е во елипсовидна форма, бронзена боја во чија средина во рељефна форма е изработен ловоров венец во чија средина е впишано „РМ" (Прилог број 6).

Член 12

Покрај зимската и летната униформа, на полицајките им припаѓа и чанта, изработена од црна галантериска кожа.

4. Униформа за извршување на посебни и специјални задачи

Член 13

За извршување на посебни и специјални задачи полицајците користат посебни униформи на кои кројот и бојата зависат од природата и карактерот на тие задачи.

За извршување на посебните и специјални задачи постојат следните униформи и тоа: зимска и летна маскирна униформа, зимска и летна бела униформа, планинарска униформа, скијачка униформа, кожна униформа, униформа за извршување на задачи на пловни објекти, летачка униформа, и униформа за посадите на оклопните транспортери.

Член 14

Униформите за извршување на посебните и специјалните задачи го имаат следниот крој и боја и тоа:

1. Зимската маскирна униформа е изработена од шарено маскирно платно (50% памук и 50% синтетика) со стандарден крој и се состои од: маскирна виндјакна со влошка, маскирни панталони со прерамки и влошка, маскирна зимска капа, маскирна волнена блуза со рол крагна, маскирна волнена блуза со отвор во форма на буквата „О", памучна поткошула темносина или црна боја, памучни долги гаќи, маскирни ракавици со пет прсти од импрегнирано памучно платно со влошка, маскирна волнена поткапа и зелени памучни чорапи – доколеници.

2. Летната маскирна униформа е изработена од шарено маскирно платно (50 % памук и 50 % синтетика) со стандарден крој и се состои од маскирна виндјакна, маскирна кошула со кратки ракави, памучна маица со темносина или црна боја со кратки ракави, маскирни памучни панаталони, зелени памучни чорапи, летна маскирна капа и маскирна влошка за шлем.

Другите дополнителни делови на маскирната униформа се изработени од кожа црна боја и тоа: соодветни чевли, футрола – држач, за батериска лампа, за хемиски спреј и навлака за прибор и прва медицинска помош.

На маскирната капа која се носи за извршување на специјални задачи има ознака во вид на метален штит со сиво-бела боја на кој се наоѓа златно-колто, рељефно-испупчено шеснаесеткрако сонце во чија средина има осмокрака рељефна звезда. (Прилог број 7).

3. Зимската бела униформа се состои од: винјданка со ќулавка, панталони и ракавици. Изработена е од платно бела боја и прилагодена за облекување преку зимската или друга униформа.

4. Планинарската униформа се состои од: ветровка, панталони пумпарици, волнени чорапи доколеници и надколеници, волнена планинарска капа, фланелска кошула, волнени и заштитни нараквици, панталони за ветер, волнен џемпер, планинарски чевли, полупанцерки со високи наврвки (гамаши) и алпинистички шлем.

Панталоните, чорапите доколеници и надколеници, волнените заштитни нараквици, панталоните за ветер и високите наврвки се во темно сива боја, а ветровката е во темно сина боја.

Фланелската кошула, волнените заштитни нараквици и џемперот се во темно сива боја, а планинарските чевли и полупанцерките во црна боја.

Алпинистичкиот шлем е во црвена боја.

5. Скијачката униформа се состои од скијачка јакна – елек, скијачки панталони, пуловер, блуза со рол крагна, скијачки нараквици и скијачка капа, скијачки чевли, и скијачки горни панталони. Сите делови на оваа униформа се во темно сива боја.

6. Униформата на полицајците кои вршат служба со мотоцикли е изработена од кожа во темно сива боја, со едноставен крој и се состои од: панталони, виндјакна, кацига со визир и вграден микрофон, кожни нараквици и памучна маица со темносина или црна боја со кратки ракави, долги гаќи и поткошула во темносина или црна боја и чизми.

Виндјакната е со затворен крој на закопчување со ревери прилагодени за отворање, поставена е со тенка ткаенина, во темно сива боја, која е прилагодена за вадење. На задниот дел од виндјакната со бела флуоросцентна материја е впишан зборот „ПОЛИЦИЈА", а буквите се со димензии 10x14 см. поставени на меѓусебно растојание од 1 см.

Кацигата со визир е во бела боја, на која е залепено ознака во форма на круг, изработена од самолеплива пластична материја, која е со иста форма како ознаката на капата.

7. Униформата за извршување на задачи на пловните објекти се состои од: кратка виндјакна и долги и кратки панталони. Униформата е темно сива боја.

8. Летачката униформа се состои од: летачки комбинезон, кратка виндјакна, капа со штитници на ушите, летачки чизми и нараквици.

Летачкиот комбинезон е изработен од платно, а виндјакната, капата, нараквиците и чизмите, од кожа, а од внатре поставени со крзно.

Сите делови на летачката униформа се со темно сива боја.

9. Униформата на посадата на оклопните транспортери се состои од: тенковска капа – шлемофон, комбинезон памучен темно сива боја, кратка виндјакна, памучна капа во темно сива боја, кожни нараквици во црна боја поставени со крзно.

Комбинезонот и виндјакната се изработени од памучно платно, а крагната на виндјакната има крзнена влошка.

Тенковската капа – шлемофон е изработен од кожа во црна боја. Освен наведеното посадите на оклопните транспортери ги користат и другите додатни делови од маскирната униформа.

5. Дополнителни делови на униформата

Член 15

За извршување на определени задачи и работи на полицајците им припаѓаат и соодветни дополнителни делови на униформата и тоа: стражарска бунда, чизми и нараквици, работно одело, гумени чизми, чакшири, коњички чизми, мамузи, бунда за полицајците кои извршуваат задачи од областа на сообраќајот, флуоросцентни долактици, пишталка со гајтан, торба, планинска капа, бец на дежурниот, ранец и шлем.

1. Стражарската бунда е од импрегнирано платно, со вообичаен крој и поставена со крзно. Бундата е темно сива боја со должина до околу половината на листовите на нозете.

Стражарските чизми се од кожа црна боја, поставени со крзно.

Стражарските нараквици се од импрегнирано памучно платно темно сива боја, поставени со крзно.

2. Работното одело е во форма на комбинезон темно сива боја

Гумените чизми се црна боја и со вообичаена изработка

3 Чакширите се темно сива боја и изработени од камгарн со вообичаен крој, а од страните имаат ширити од сгализир во светло сина боја со ширина од 2 мм. На колената и задниот дел се зајакнати со иста ткаенина.

Коњичките чизми се изработени од црна бокс кожа и имаат кожен ѓон. Сарите се меки и допираат до под колена.

Мамузите се од пониклован челик, со два крака од 10 см. и репелка во должина од 3,5 см. Ширината на краците и репелката е 10 мм. На крајот од краците има прорез за ремен со помош на кој мамузите се прицврстуваат на чизмите. Репелката е со или без заврток.

4. Бундата за полицајците кои извршуваат задачи од областа на сообраќајот е изработена од кожа во темно сива боја со вообичаен крој и поставена со крзно.

Флуоросцентните долактици се изработени од платно на кое во надолжни линии е нанесена флуоросцентна материја.

5. Пишталката е од метал – пластика со стандардна изработка, а гајтанот е исплетен од вештачка свила од темно сина боја.

Пишталката е изработена така да дава звук на едноличен тон со јачина најмалку 90 ДЕ (децибели).

6. Торбата е од мека природна или вештачка кожа црна боја прилагодена за носење на соодветен прибор, а се носи на ременот на левата страна или преку рамо.

7. Планинарската капа е изработена од камгарн или тенка чоја темно сива боја и на неа се носи истоветна ознака како на капата.

8. Бецот на дежурниот е сина боја со димензии 10x6 см на кој стои натписот „ДЕЖУРЕН", истито е изработен од пластична материја и на него е поставена штипка погодна за закачување.

9. Ранецот и шлемот се темно сива боја и изработени според македонските стандарди.

6. Униформа за резервниот состав

Член 16

Униформата и ознаките на чиновите за резервниот состав на полицијата се исти како и за полицајците од активниот состав, со тоа што припадниците на резервниот состав не се задолжуваат со длабоки чевли.

Деловите на оваа униформа се по крој и боја исти како и соодветните делови на зимската униформа.

7. Цивилна облека

Член 17

Под цивилна облека од членот 2 став 4 на оваа уредба се подразбира: сако, панталони, мантил, елек, кошула, вратоврска, чорапи и чевли.

III. ОЗНАКИ НА УНИФОРМАТА

Член 18

Полицајците на униформата носат ознаки.

Ознаката која се носи во полето на ромбоидот кој е нашиен на околувратникот на сакото во зимската униформа е во форма на ловоров венец во кој е впишано „РМ". (Прилог број 8).

На левиот џеб од сакото, виндјакната и летната кошула се носи значка во композитна форма која се состои од правоаголно поле со широчина од 37 мм, и височина 12,5 мм со триаголно извишување на средината високо 5 мм, во кое што е втиснат (или изгравиран) бројот на службената легитимација, под него уште едно правоаголно поле со височина од 5 мм. и широчина 20 мм. во кое пишува „ПОЛИЦИЈА" и надолу кружно поле со дијаметар од 14 мм во кое е втиснат ловоров венец и впишано „РМ" во средината. Целата значка е висока 49 мм. Значката е метална, кована во легура „томбак" со сребрена боја и метален сјај, а бројот на службената легитимација (платиниран црно), натписот и знакот се во рељеф со висина од 0,9 мм во однос на подлогата која е дебела исто така 0,9 мм. Значката се носи на кожна подлога на која е фиксирана со флахови во три точки: две во горното правоаголно

поле и една во кружното поле. Кожната подлога е во форма на варјашки штит со широчина од 45 мм и височина од 59 мм. кој на горната страна е продолжен во јазик со широчина од 20 мм и височина од 40 мм. на кој што се наоѓа илика за закопчување на копче со дијаметар 15 мм. Подлогата е изработена од црно обоена бокс кожа двострано, со полно преклопено обработување и на надворешните работи и на иликата. Помеѓу двете кожи се вметнува влошка за вкрутување од тенка и тврда пластична материја. Вкупната дебелина на подлогата треба да биде околу 2 мм. (Прилог број 9).

IV. НОСЕЊЕ НА УНИФОРМАТА

Член 19

Времето на носење на зимската и летната униформа и дополнителните делови на униформата го одредува министерот за внатрешни работи во зависност од годишното време и климатските услови.

Летната униформа по правило се носи од 1 мај до 15 октомври.

Член 20

Шапката се носи така да на предниот раб на сонцебранот биде од 1-2 см над нивото на веѓите на еднаква оддалеченост од двете очи.

Капата се носи за време на практичните вежби и извршувањето на определените задачи на терен, за што одлучува непосредниот старешина.

Член 21

Ветровката, мантилот за дожд и другите делови на униформата кои имаат ремен, се носат закопчани со сите предвидени копчиња со отворени ревери и ремен.

Панталоните (зимски и летни) се носат така да под нив не се гледаат чорапите кога се носат плитки чевли.

Член 22

Бецот на дежурниот се носи на преклопот на левиот џеб на сакото, виндјакната или летната кошула.

Пишталката се носи во горниот лев џеб во сакото и на летната кошула, а гајтанот е прицврстен на нараменицата.

Член 23

Ремењот со шнола, футролите за пиштол, за резервен оквир, за лисици за врзување и гумена палка се носат преку сакото.

Член 24

Полицајците носат дополнителни делови на униформата само кога вршат работа за чие извршување е предвидено носење на тие делови на униформата.

Член 25

Доделено одликување на работник во полицијата се носи над капакот на левиот џеб на униформата, во свечени прилики.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Прилозите од број 1 до број 9 се составен дел на оваа уредба.

Член 27

Деловите на униформата на кои кројот и бојата се изменети со оваа уредба, ќе се заменат по истекот на рокот на нивното траење.

Член 28

Со денот на влегување во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за униформата и ознаките на звањата на полицијата во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на РМ", бр. 39/94).

Член 29

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1152/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

ПРИЛОГ БРОЈ 1



ПРИЛОГ БРОЈ 3

ПРИЛОГ БРОЈ 2



ПРИЛОГ БРОЈ 4



ПРИЛОГ БРОЈ 5

ПРИЛОГ БРОЈ 6

ПРИЛОГ БРОЈ 8



ПРИЛОГ БРОЈ 9

ПРИЛОГ БРОЈ 7



595.

Врз основа на член 31 од Законот за националната класификација на дејностите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/98) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ

1. Со оваа одлука се утврдува Националната класификација на дејностите,со стандардни називи и шифри на дејностите по сектори, оддели, групи, класи и поткласи.

Националната класификација на дејностите е составен дел на оваа одлука.

2. Измени и дополненија на Националната класификација на дејностите, по правило може да се врши до крајот на септември во тековната за наредната година.

3. Описите на класите и поткласите ги утврдува и публикава Заводот за статистика на Република Македонија.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да се применува одлуката за Единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ бр. 34/76).

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-721/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИ

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
A			**Земјоделство, лов и шумарство**
01			**Земјоделство, лов и соодветни услужни активности**
01.1			***Одгледување посеви и насади, производство на семе и саден материјал од земјоделски растенија***
	01.11		Одгледување житни, индустриски, добиточни растенија и други посеви и производство на семе од нив
		01.11/1	Одгелдување на житни растенија и производство на семе од нив
		01.11/2	Одгледување на индустриски растенија и производство на семе од нив
		01.11/3	Одгледување на добиточни растенија и производство на семе од нив
		01.11/4	Одгледување на посеви и насади, некласифицирани на друго место
	01.12		Одгледување зеленчук, цвеќе и украсни билки и саден материјал
		01.12/1	Одгледување на зеленчук, цвеќе и украсни билки и производство на семе од нив
		01.12/2	Одгледување на овошни и лозови садници
	01.13		Одгледување на овошје и грозје, јаткасти растенија и растенија за подготвување пијалаци и зачини
		01.13/1	Одгледување на овошје, јаткасти растенија и растенија за подготвување пијалаци и зачини
		01.13/2	Производство на грозје
01.2			***Одгледување на животни***
	01.21		Одгледување на говеда, производство на млеко
	01.22		Одгледување на овци, кози, коњи, магариња, мули и мазги
		01.22/1	Одгледување на овци и кози
		01.22/2	Одгледување на коњи, магариња, мули и мазги
	01.23		Одгледување на свињи
	01.24		Одгледување на живина
	01.25		Одгледување на други животни
01.3			***Одгледување на посеви и засади комбинирано со одгледување на животни (мешовито фармерство)***
	01.30		Одгледување на посеви и засади комбинирано со одгледување на животни (мешовито фармерство)
01.4			***Земјоделски услуги и услуги во одгледувањето животни, освен ветеринарни услуги***
	01.41		Земјоделски услуги
		01.41/1	Искористување на водите за земјоделството
		01.41/2	Уредување и одржување на паркови, зелени и рекреациони површини
		01.41/3	Други земјоделски услуги
	01.42		Услуги во одгледувањето животни, освен ветеринарни услуги
01.5			***Лов, траперство, обновување и одгледување на дивеч, вклучувајќи ги и соодветните услужни активности***

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
	01.50		Лов, траперство, обновување и одгледување дивеч, вклучувајќи ги и соодветните услужни активности
02			**Одгледување на шуми, користење на шуми и соодветни услужни активности**
02.0			*Одгледување на шуми, користење на шуми и соодветни услужни активности*
	02.01		Одгледување, користење и заштита на шуми
	02.02		Услуги во одгледувањето и користењето на шумите
Б			**Рибарство**
05			**Улов на риба, дејност на мрестилиштата и рибарските фарми, услужни активности во рибарството**
05.0			*Улов на риба, дејност на мрестилиштата и рибарските фарми, услужни активности во рибарството*
	05.01		Улов на риба
	05.02		Дејност на мрестилиштата и рибарските фарми
В			**Вадење на руди и камен**
ВА			**Вадење на енергетски суровини**
10			**Вадење на камен јаглен и лигнит, вадење на тресет**
10.1			*Вадење и брикетирање на камен јаглен*
	10.10		Вадење и брикетирање на камен јаглен
10.2			*Вадење и брикетирање на темен јаглен и лигнит*
	10.20		Вадење и брикетирање на темен јаглен и лигнит
10.3			*Вадење и брикетирање на тресет*
	10.30		Вадење и брикетирање на тресет
11			**Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања**
11.1			*Вадење на сурова нафта и природен гас*
	11.10		Екстракција на сурова нафта и природен гас
11.2			*Услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања*
	11.20		Услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања
12			**Вадење на руда на уран и торијум**
12.0			*Вадење на руда на уран и торијум*
	12.00		Вадење на руда на уран и торијум
ВБ			**Вадење на други суровини и материјали, освен енергетски**
13			**Вадење на руди на метал**
13.1			*Вадење на руди на железо*
	13.10		Вадење на руди на железо
13.2			*Вадење на руди на обоени метали, освен руди на уран и торијум*
	13.20		Вадење на руди на обоени метали, освен руди на уран и торијум
		13.20/1	Вадење на руда на олово и цинк
		13.20/2	Вадење на руда на бакар
		13.20/3	Вадење на руди на други обоени метали
14			**Вадење на други руди и камен**
14.1			*Вадење на камен*
	14.11		Вадење на камен за градежништвото
	14.12		Вадење на варовник, суров гипс и креда
	14.13		Вадење на шкрилци (освен битуменозни)
14.2			*Вадење на песок и глина*
	14.21		Вадење на чакал и песок
	14.22		Вадење на глина и каолин
14.3			*Вадење на хемиски минерали и минерални природни ѓубрива*
	14.30		Вадење на хемиски минерали и минерални природни ѓубрива
14.4			*Производство на соли*
	14.40		Производство на соли

Сектор / Оддел / Група	Класа Поткласа	Назив
14.5		*Вадење на други руди и камен, неспоменати на друго место*
	14.50	Вадење на други руди и камен, неспомнати на друго место
Г		**Преработувачка индустрија**
ГА		**Производство на прехранбени производи, пијалаци и тутун**
15		**Производство на прехранбени производи и пијалаци**
15.1		*Производство, преработка и конзервирање на месо и производи од месо*
	15.11	Производство, обработка и конзервирање на животинско месо
	15.12	Производство, обработка и конзервирање на живинско месо
	15.13	Преработка на животинско и живинско месо
15.2		*Преработка и конзервирање на риба и производи од риба*
	15.20	Преработка и конзервирање на риба и производи од риба
15.3		*Преработка и конзервирање на овошје и зеленчук*
	15.31	Преработка и конзервирање на компири
	15.32	Производство на сокови од овошје и зеленчук
	15.33	Преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, неспомнато на друго место
15.4		*Производство на растителни и животински масла и масти*
	15.41	Производство на сурови масла и масти
	15.42	Производство на рафинирани масла и масти
	15.43	Производство на маргарин и слични масти за јадење
15.5		*Производство на млечни производи*
	15.51	Преработка на млеко и производство на сирења
	15.52	Производство на сладолед и други замрзнати смеси
15.6		*Производство на мелнички производи, скроб и производи од скроб*
	15.61	Производство на мелнички производи
	15.62	Производство на скроб и производи од скроб
15.7		*Производство на готова храна за животни*
	15.71	Производство на готова храна за животни што се одгледуваат на фарма
	15.72	Производство на готова храна за домашните миленици
15.8		*Производство на други прехранбени производи*
	15.81	Производство на леб, печива и слатки во свежа состојба
	15.81/1	Производство на леб и печива во свежа состојба
	15.81/2	Производство на свежи слатки
	15 82	Производство на двопек и бисквити ; производство на конзервирани печива и слатки
	15.82/1	Производство на препечен леб и двопек и конзервирани печива и слатки
	15.82/2	Производство на кекси
	15.83	Производство на шеќер
	15.84	Производство на какао, чоколади, бомбони и кондиторски производи
	15.85	Производство на макарони, кори, кадаиф, јуфки и слични тестенини
	15.86	Преработка на чај и кафе
	15.87	Производство на зачини и други додатоци
	15.88	Производство на хомогенизирани хранливи препарати и диететска храна
	15.89	Производство на останати прехранбени производи, неспомнати на друго место
15.9		*Производство на пијалаци*
	15.91	Производство на дестилирани алкохолни пијалаци
	15.92	Производство на етил-алкохол од ферментирани материјали
	15.93	Производство на вино
	15.94	Производство на јаболковина и вина од друго овошје
	15.95	Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци
	15.96	Производство на пиво
	15.97	Производство на слад
	15.98	Производство на минерална вода и освежителни пијалаци
	15.98/1	Производство на минерална вода
	15.98/2	Производство на освежителни пијалаци
16		**Производство на тутунски производи**
16.0		*Производство на тутунски производи*
	16.00	Производство на тутунски производи
	16.00/1	Ферментација на тутун
	16.00/2	Преработка на тутун

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
ГБ			**Производство на текстил и текстилни производи**
17			**Производство на текстилни ткаенини**
17.1			*Подготовка и предење на текстилни влакна*
	17.11		Подготовка и предење на влакна од памучен тип
	17.12		Подготовка и предење на влакна од волнен тип
	17.13		Подготовка и предење на чешлана волна
	17.14		Подготовка и предење на влакна од конопен и ленен тип
	17.15		Предење и подготовка на свила, вклучувајќи и свила од отпадоци и впредување и сновење на синтетички или вештачки влакна
	17.16		Производство на конец за шиење
	17.17		Подготовка и предење на други текстилни влакна
17.2			*Ткаење на текстил*
	17.21		Ткаење на ткаенини од памучен тип
	17.22		Ткаење на ткаенини од волнен тип
	17.23		Ткаење на ткаенини од чешлано волнено предиво
	17.24		Ткаење на ткаенини од свилен тип
	17.25		Ткаење на други ткаенини
17.3			*Довршување на текстилни ткаенини*
	17.30		Довршување на текстилни ткаенини
17.4			*Производство на готови текстилни предмети, освен облека*
	17.40		Производство на готови текстилни предмети, освен облека
		17.40/1	Производство на готови текстилни производи за домаќинство
		17.40/2	Производство на други готови текстилни производи, освен облека
17.5			*Производство на други текстилни предмети*
	17.51		Производство на теписи и подни прекривки
	17.52		Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи
	17.53		Производство на неткаен текстил и предмети од неткаен текстил, освен облека
	17.54		Производство на други текстилни предмети, неспомнати на друго место
		17.54/1	Производство на позамантерија
		17.54/2	Производство на други неспомнати текстилни производи
17.6			*Производство на плетени и хеклани ткаенини*
	17.60		Производство на плетени и хеклани ткаенини
17.7			*Производство на плетени и хеклани производи*
	17.71		Производство на плетени и хеклани чорапи
	17.72		Производство на плетени и хеклани пуловери, џемпери и слични производи
18			**Производство на предмети за облека: доработка и боење на крзно**
18.1			*Производство на кожна облека*
	18.10		Производство на кожна облека
18.2			*Производство на други предмети и прибори за облека*
	18.21		Производство на работни облеки
	18.22		Производство на друга горна облека
	18.23		Производство на долна облека
	18.24		Производство на други предмети и прибори за облека, неспомнати на друго место
18.3			*Доработка и боење на крзно, производство на предмети од крзно*
	18.30		Доработка и боење на крзно, производство на предмети од крзно
ГВ			**Производство на кожа и предмети од кожа**
19			**Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки**
19.1			*Штавење и доработка на кожа*
	19.10		Штавење и доработка на кожа
19.2			*Производство на куфери, рачни торби и слични предмети, седла и сарачки производи*
	19.20		Производство на куфери, рачни торби и слични предмети, седла и сарачки производи
19.3			*Производство на обувки*
	19.30		Производство на обувки

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
ГГ			**Преработка на дрво и производи од дрво**
20			**Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал**
20.1			***Производство на режана граѓа: импрегнација на дрвото***
	20.10		Производство на режана граѓа: импрегнација на дрвото
		20.10/1	Производство на режана граѓа
		20.10/2	Импрегнација на дрво
20.2			***Производство на фурнирски листови, производство на шпер-плочи, слоевити плочи, иверици, плочи-влакнатици и слични плочи и табли***
	20.20		Производство на фурнирски листови, производство на шпер-плочи, слоевити плочи, иверици и слични плочи и табли
20.3			***Производство на градежни подови и столарија***
	20.30		Производство на градежни подови и столарија
20.4			***Производство на дрвена амбалажа***
	20.40		Производство на дрвена амбалажа
20.5			***Производство на други производи од дрво, производство на предмети од плута, слама и плетарски материјал***
	20.51		Производство на други производи од дрво
	20.52		Производство на предмети од плута, слама и плетарски материјал
ГД			**Производство на целулоза, хартија и производи од хартија: издавачка дејност и печатење**
21			**Производство на целулоза, хартија и производи од хартија**
21.1			***Производство на целулоза, хартија и картон***
	21.11		Производство на целулоза
	21.12		Производство на хартија и картон
21.2			***Производство на предмети од хартија и картон***
	21.21		Производство на брановидна хартија и картон и амбалажа од хартија и картон
	21.22		Производство на предмети за санитарни и тоалетни потреби и за потребите на домаќинствата
	21.23		Конфекционирање на хартија
	21.24		Производство на тапети
	21.25		Производство на други предмети од хартија и картон, неспомнати на друго место
22			**Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми**
22.1			***Издавачка дејност***
	22.11		Издавање книги
	22.12		Издавање весници
	22.13		Издавање на списанија и периодични изданија
	22.14		Издавање на снимени медиуми
	22.15		Друга издавачка дејност
22.2			***Печатење и услужни активности во врска со печатењето***
	22.21		Печатење на весници
	22.22		Печатење, неспомнато на друго место
	22.23		Книговезни и завршни работи
	22.24		Репродукција и работи на монтажа
	22.25		Други активности во врска со печатењето
22.3			***Репродукција на снимени медиуми***
	22.31		Репродукција на звучни записи
	22.32		Репродукција на видео записи
	22.33		Репродукција на компјутерски медиуми
ГЃ			**Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво**
23			**Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво**
23.1			***Производство на продукти од печка за коксирање***
	23.10		Производство на продукти од печка за коксирање
23.2			***Производство на нафтени деривати***
	23.20		Производство на нафтени деривати
23.3			***Подготвување на нуклеарно гориво***
	23.30		Подготвување на нуклеарно гориво

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
ГЕ			**Производство на хемикалии, хемиски производи и вештачки и синтетички влакна**
24			**Производство на хемикалии и хемиски производи**
24.1			*Производство на основни хемикалии*
	24.11		Производство на индустриски гасови
	24.12		Производство на материи за боење и пигменти
	24.13		Производство на други основни неоргански хемикалии
	24.14		Производство на други основни органски хемикалии
	24.15		Производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија
	24.16		Производство на пластични маси во примарни облици
	24.17		Производство на синтетички каучук во примарни облици
24.2			*Производство на пестициди и други хемикалии за земјоделството*
	24.20		Производство на пестициди и други хемикалии за земјоделството
24.3			*Производство на бои, лакови и слични премази, печатарско мастило и китови*
	24.30		Производство на бои, лакови и слични премази, печатарско мастило и китови
24.4			*Производство на фармацевтски продукти, медицински хемикалии и растителни препарати*
	24.41		Производство на основни фармацевтски продукти
	24.42		Производство на фармацевтски препарати
24.5			*Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање, парфеми и тоалетни препарати*
	24.51		Производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање
	24.52		Производство на парфеми и тоалетни препарати
24.6			*Производство на други хемиски производи*
	24.61		Производство на експлозиви
	24.62		Производство на туткал и желатин
	24.63		Производство на етерични масла
	24.64		Производство на фотографски хемиски материјал
	24.65		Производство на готови неснимени медиуми
	24.66		Производство на други хемиски производи, неспомнати на друго место
24.7			*Производство на вештачки и синтетички влакна*
	24.70		Производство на вештачки и синтетички влакна
ГЖ			**Производство на производи од гума и производи од пластични маси**
25			**Производство на производи од гума и производи од пластични маси**
25.1			*Производство на производи од гума*
	25.11		Производство на гуми за возила: надворешни и внатрешни
	25.12		Протектирање на гуми за возила
	25.13		Производство на други производи од гума
25.2			*Производство на производи од пластични маси*
	25.21		Производство на плочи, листови, цевки и профили од пластични маси
	25.22		Производство на амбалажа од пластични маси
	25.23		Производство на предмети за вградување од пластични маси
	25.24		Производство на други производи од пластични маси
ГЗ			**Производство на производи од други неметални минерали**
26			**Производство на производи од други неметални минерали**
26.1			*Производство на стакло и производи од стакло*
	26.11		Производство на рамно стакло
	26.12		Обликување и обработка на рамно стакло
	26.13		Производство на шупливо стакло
		26.13/1	Производство на амбалажно стакло
		26.13/2	Производство на неспомнато шупливо стакло
	26.14		Производство на стаклени влакна
	26.15		Производство и обработка на друго стакло, вклучувајќи и техничка стаклена стока

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
26.2			*Производство на неогноотпорна керамичка стока, освен за градежни цели, производство на огноотпорни керамички производи*
	26.21		Производство на керамички украсни предмети и керамички предмети за домаќинствата
	26,22		Производство на керамички санитарни уреди
	26.23		Производство на керамички изолатери и изолационен прибор
	26.24		Производство на други технички производи од керамика
	26.25		Производство на други керамички производи
	26.26		Производство на огноотпорни керамички производи
26.3			*Производство на керамички плочки и подни плочи*
	26.30		Производство на керамички плочки и подни плочи
26.4			*Производство на цигли, керамиди и производи од печена глина за градежништвото*
	26.40		Производство на цигли, керамиди и производи од печена глина за градежништвото
26.5			*Производство на цемент, вар и гипс*
	26.51		Производство на цемент
	26.52		Производство на вар
	26.53		Производство на гипс
26.6			*Производство на производи од бетон, цемент или гипс*
	26.61		Производство на производи од бетон за градежни цели
	26.62		Производство на производи од гипс за градежни цели
	26:63		Производство на готова бетонска смеса
	26.64		Производство на малтер
	26.65		Производство на влакнест цемент
	26.66		Производство на други производи од бетон, цемент и гипс
26.7			*Сечење, обликување и обработка на камен*
	26.70		Сечење, обликување и обработка на камен
26.8			*Производство на предмети од други неметални минерали*
	26.81		Производство на брусни производи
	26.82		Производство на производи од други неметални минерали, неспомнати на друго место
		26.82/1	Производство на азбестни производи
		26.82/2	Производство на производи од други неметални минерали, неспомнати на друго место
ГS			**Производство на основни метали и стандардни метални производи**
27			**Производство на основни метали**
27.1			*Производство на сурово железо и челик и феролегури според Европското здружение за јаглен и челик (ECSC)*
	27.10		Производство на сурово железо и челик и феролегури (ECSC)
27.2			*Производство на цевки*
	27.21		Производство на цевки од леено железо
	27.22		Производство на цевки од челик
27.3			*Останата примарна преработка на железо и челик, производство на феролегури, освен ECSC феролегури*
	27.31		Ладно влечење
	27.32		Ладно валање на тесни ленти
	27.33		Ладно обликување или свиткување
	27.34		Влечење на жица
	27.35		Друга примарна преработка на железо и челик, неспомната на друго место и производство на феролегури освенECSC феролегури
27.4			*Производство на основни благородни и обоени метали*
	27.41		Производство на благородни метали
	27.42		Производство на алуминиум
	27.43		Производство на олово, цинк и калај
	27.44		Производство на бакар
	27.45		Производство на други обоени метали

Сектор / Оддел / Група	Класа Поткласа	Назив
27.5		*Леење на метал*
	27.51	Леење на железо
	27.52	Леење на челик
	27.53	Леење на лесни метали
	27.54	Леење на други обоени метали
28		**Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди**
28.1		*Производство на метални конструкциски производи*
	28.11	Производство на метални конструкции и делови на конструкции
	28.12	Производство на метални производи за градежништвото
28.2		*Производство на цистерни, резервоари и контејнери од метал: производство на котли и радијатори за централно греење со топла вода*
	28.21	Производство на цистерни, резервоари и садови од метал
	28.22	Производство на котли и радијатори за централно греење со топла вода
28.3		*Производство на парни котли, освен котли за централно греење со топла вода*
	28.30	Производство на парни котли, освен котли за централно греење со топла вода
28.4		*Ковање, пресување, штанцување и валање на метали: металургија на прав*
	28.40	Ковање, пресување, штанцување и валање на метали: металургија на прав
28.5		*Обработка и пресвлекување на метали; општи машински работи*
	28.51	Обработка и пресвлекување на метали
	28.52	Општи машински работи
28.6		*Производство на сечила, алати и метална стока за општа намена*
	28.61	Производство на сечила
	28.62	Производство на алати
	28.63	Производство на брави и шарки
28.7		*Производство на други фабрикувани метални производи*
	28.71	Производство на сандаци и слична амбалажа од челик
	28.72	Производство на амбалажа од лесни материјали
	28.73	Производство на жичани производи
	28.74	Производство на сврзувачки елементи, завртни производи, синџири и пружини
	28.75	Производство на други фабрикувани метални производи, неспомнати на друго место
ГИ		**Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место**
29		**Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место**
29.1		*Производство на машини за производство и користење на механичка енергија, освен мотори за авиони, возила, мотоцикли и мопеди*
	29.11	Производство на енергетски машини и турбини, освен мотори за авиони, возила, мотоцикли и мопеди
	29.12	Производство на пумпи и компресори
	29.13	Производство на славини и вентили
	29 14	Производство на лежишта, запчаници, запчести преносници и погонски механизми
29.2		*Производство на други машини за општа намена*
	29.21	Производство на индустриски печки и горилници
	29.22	Производство на уреди за кревање и пренесување
	29.23	Производство на разладна и вентилациска опрема, освен за домаќинствата
	29.24	Производство на други машини за општи намени, неспомнати на друго место
29.3		*Производство на машини за земјоделството и шумарството*
	29.31	Производство на трактори за земјоделството
	29.32	Производство на други машини за земјоделството и машини за шумарството
29.4		*Производство на машини-алатки*
	29.40	Производство на машини-алатки
29.5		*Производство на други машини за специјални намени*
	29.51	Производство на машини за металургијата
	29.52	Производство на машини за рудници, каменоломи и градежништво
	29 53	Производство на машини за индустријата за храна, пијалаци и тутун
	29.54	Производство на машини за индустријата за текстил, облека и кожа

Сектор / Оддел / Група	Класа Поткласа	Назив
	29.55	Производство на машини за индустријата за хартија и картон
	29.56	Производство на други машини за специјални намени, неспомнати на друго место
29.6		*Производство на оружје и муниција*
	29.60	Производство на оружје и муниција
29.7		*Производство на апарати за домаќинствата, неспомнати на друго место*
	29.71	Производство на електрични апарати за домаќинствата
	29.72	Производство на неелектрични апарати за домаќинствата
ГЈ		**Производство на електрични и оптички уреди**
30		**Производство на канцеларски и сметачки машини**
30.0		*Производство на канцеларски и сметачки машини*
	30.01	Производство на канцеларски машини
	30.02	Производство на сметачки машини и друга опрема за обработка на податоци
31		**Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место**
31.1		*Производство на електрични мотори, генератори и трансформатори*
	31.10	Производство на електрични мотори, генератори и трансформатори
31.2		*Производство на опрема за дистрибуција на електрична енергија и контролна опрема*
	31.20	Производство на опрема за дистрибуција на електрична енергија и контролна опрема
31.3		*Производство на изолирана жица и кабли*
	31.30	Производство на изолирана жица и кабли
31.4		*Производство на акумулатори, примарни ќелии и примарни батерии*
	31.40	Производство на акумулатори, примарни ќелии и примарни батерии
31.5		*Производство на сијалици и уреди за осветлување*
	31.50	Производство на сијалици и уреди за осветлување
31.6		*Производство на друга електрична опрема, неспомната на друго место*
	31.61	Производство на електрична опрема за мотори и возила, неспомната на друго место
	31.62	Производство на друга електрична опрема, неспомната на друго место
32		**Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати**
32.1		*Производство на електронски ламби и цевки и други електронски компоненти*
	32.10	Производство на електронски ламби и цевки и други електронски компоненти
32.2		*Производство на телевизиски и радиопредаватели и апаратури за телефонија и телеграфија*
	32.20	Производство на телевизиски и радиопредаватели и апаратури за телефонија и телеграфија
32.3		*Производство на телевизиски и радиоприемници, апарати за снимање и репродукција на звук или слика и производство на придружен прибор*
	32.30	Производство на телевизиски и радио приемници, апарати за снимање и репродукција на звук или слика и производство на придружен прибор
33		**Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници**
33.1		*Производство на медицинска и хируршка опрема и ортопедски апарати*
	33.10	Производство на медицинска и хируршка опрема и ортопедски апарати
	33.10/1	Производство на забарски столови, хируршки маси, рендген апарати и друга медицинска и електромедицинска опрема
	33.10/2	Производство на ортопедски апарати
33.2		*Производство на инструменти и апарати за мерење, контрола, испитување, управување и други намени, освен опрема за индустриска процесна контрола*
	33.20	Производство на инструменти и апарати за мерење, контрола, испитување, управување и други намени, освен опрема за индустриска процесна контрола
33.3		*Производство на опрема за индустриска процесна контрола*
	33.30	Производство на опрема за индустриска процесна контрола
33.4		*Производство на оптички инструменти и фотографска опрема*
	33.40	Производство на оптички инструменти и фотографска опрема
33.5		*Производство на саати и часовници*
	33.50	Производство на саати и часовници

Сектор / Оддел / Група	Класа Поткласа	Назив
ГК		**Производство на сообраќајни средства**
34		**Производство на моторни возила, приколки и полуприколки**
34.1		*Производство на моторни возила*
	34.10	Производство на моторни возила
34.2		*Производство на каросерии за моторни возила, производство на приколки и полуприколки*
	34.20	Производство на каросерии за моторни возила, производство на приколки и полуприколки
34.3		*Производство на делови и прибор за моторни возила и за нивните мотори*
	34.30	Производство на делови и прибор за моторни возила и за нивните мотори
35		**Производство на други сообраќајни средства**
35.1		*Изградба и поправка на бродови и чамци*
	35.11	Изградба и поправка на бродови
	35.12	Изградба и поправка на чамци за одмор и рекреација и спортски чамци
35.2		*Производство на железнички и трамвајски локомотиви и возен парк*
	35.20	Производство на железнички и трамвајски локомотиви и возен парк
35.3		*Производство на воздухоплови*
	35.30	Производство на воздухоплови
35.4		*Производство на мотоцикли и велосипеди*
	35.41	Производство на мотоцикли
	35.42	Производство на велосипеди
	35.43	Производство на средства за превоз на инвалиди
35.5		*Производство на други сообраќајни средства, неспомнати на друго место*
	35.50	Производство на други сообраќајни средства, неспомнати на друго место
ГЛ		**Преработувачка индустрија, неспомната на друго место**
36		**Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место**
36.1		*Производство на мебел*
	36.11	Производство на столови и седишта
	36.12	Производство на друг канцеларискі мебел и мебел за продавници
	36.13	Производство на друг кујнски мебел
	36.14	Производство на друг мебел
	36.15	Производство на душеци
36.2		*Производство на накит и слични предмети*
	36.21	Кованье на монети и медали
	36.22	Производство на накит и слични предмети, неспомнати на друго место
36.3		*Производство на музички инструменти*
	36.30	Производство на музички инструменти
36.4		*Производство на предмети за спортски потреби*
	36.40	Производство на предмети за спортски потреби
36.5		*Производство на игри и играчки*
	36.50	Производство на игри и играчки
36.6		*Друго производство на разновидни предмети, неспомнати на друго место*
	36.61	Производство на имитација на накит
	36.62	Производство на метли и четки
	36.63	Друго производство на разновидни предмети, неспомнати на друго место
37		**Рециклажа**
37.1		*Рециклажа на метални отпадоци и остатоци*
	37.10	Рециклажа на метални отпадоци и остатоци
37.2		*Рециклажа на неметални отпадоци и остатоци*
	37.20	Рециклажа на неметални отпадоци и остатоци
Д		**Снабдување со електрична енергија, гас и вода**
40		**Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода**
40.1		*Производство и дистрибуција на електрична енергија*
	40.10	Производство и дистрибуција на електрична енергија
	40.10/1	Производство на хидроелектрична енергија
	40.10/2	Производство на термоелектрична енергија

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
		40.10/3	Производство на друг вид енергија
		40.10/4	Пренос на електрична енергија
		40.10/5	Дистрибуција на електрична енергија
40.2			***Производство на гас и дистрибуција на гасовити горива преку главните цевки***
	40.20		Производство на гас и дистрибуција на гасовити горива преку главните цевки
40.3			***Снабдување со пареа и топла вода***
	40.30		Снабдување со пареа и топла вода
41			**Собирање, пречистување и дистрибуција на вода**
41.0			***Собирање, пречистување и дистрибуција на вода***
	41.00		Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода
Ѓ			**Градежништво**
45			**Градежништво**
45.1			***Подготовка на градилиште***
	45.11		Уривање и демонтирање на објекти, земјани работи
	45.12		Пробно дупчење и сондирање
45.2			***Изградба на цели објекти или нивни делови: нискоградба***
	45.21		Подигање зграда (високоградба) и изградба на објекти на нискоградба
		45.21/1	Подигање на зграда (високоградба)
		45.21/2	Изградба на објекти на нискоградба
	45.22		Подигање и монтажа на покривни конструкции
	45.23		Изградба на автопатишта и други сообраќајници, аеродромски писти и спортски терени
	45.24		Изградба на хидроградежни објекти
	45.25		Други градежни работи, вклучувајќи и специфични работи
45.3			***Инсталатерски работи***
	45.31		Поставување електрични инсталации и прибор
	45.32		Изолациони работи
	45.33		Поставување на водоводни инсталации
	45.34		Други инсталатерски работи
45.4			***Завршни работи***
	45.41		Малтерисување
	45.42		Вградување на столарија
	45.43		Поставување на подни и ѕидни облоги
	45.44		Бојадисување и застаклување
	45.45		Останати завршни работи
45.5			***Издавање на опрема и машини за изградба или уривање , со оператор***
	45.50		Издавање на опрема и машини за изградба или уривање , со оператор
Е			**Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата**
50			**Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива**
50.1			***Продажба на моторни возила***
	50.10		Продажба на моторни возила
50.2			***Одржување и поправка на моторни возила***
	50.20		Одржување и поправка на моторни возила
50.3			***Продажба на делови и прибор за моторни возила***
	50.30		Продажба на делови и прибор за моторни возила
		50.30/1	Продажба на големо на делови и прибор за моторни возила
		50.30/2	Продажба на мало на делови и прибор за моторни возила
		50.30/3	Посредување во продажбата на делови и прибор за моторни возила
50.4			***Продажба, одржување и поправка на мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли***
	50.40		Продажба, одржување и поправка на мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли
		50.40/1	Продажба на големо на мотоцикли и нивни делови и прибор

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
		50.40/2	Продажба на мало на мотоцикли и нивни делови и прибор
		50.40/3	Посредување при продажба на мотоцикли и нивни делови и прибор
		50.40/4	Одржување и поправка на мотоцикли
50.5			*Продажба на мало на моторни горива*
	50.50		Продажба на мало на моторни горива
51			**Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли**
51.1			*Трговија на големо со надомест или на договорна основа*
	51.11		Посредници во продажбата на земјоделски суровини, живи животни, текстилни суровини и полупроизводи
	51.12		Посредници во продажбата на горива, руди, метали и индустриски хемикалии
	51.13		Посредници во продажбата на дрвена граѓа и градежен материјал
	51.14		Посредници во продажбата на машини, индустриска опрема, бродови и воздухопловни средства
	51.15		Посредници во продажбата на мебел, предмети за домаќинствата, метална и железна стока
	51.16		Посредници во продажбата на текстил, облека, обувки и предмети од кожа
	51.17		Посредници во продажбата на храна, пијалаци и тутун
	51.18		Посредници специјализирани за продажба на посебни производи или групи на производи, неспомнати на друго место
	51.19		Посредници во продажбата на разновидни производи
51.2			*Трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни*
	51.21		Трговија на големо со житарици , семе и добиточна храна
	51.22		Трговија на големо со цвеќе и растенија
	51.23		Трговија на големо со живи животни
	51.24		Трговија на големо со сурова, недовршена и довршена кожа
	51.25		Трговија на големо со суров тутун
51.3			*Трговија на големо со храна, пијалаци и тутун*
	51.31		Трговија на големо со овошје и зеленчук
	51.32		Трговија на големо со месо и производи од месо
	51.33		Трговија на големо со млечни производи, јајца и масла и масти за јадење
	51.34		Трговија на големо со алкохолни и други пијалаци
	51.35		Трговија на големо со тутунски производи
	51.36		Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер
	51.37		Трговија на големо со кафе, наут, чај, какао и зачини
	51.38		Трговија на големо со друга храна, вклучувајќи и риба, лушпари и мекотелци
	51.39		Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун
51.4			*Трговија на големо со предмети за домаќинствата*
	51 41		Трговија на големо со текстил
	51.42		Трговија на големо со облека и обувки
		51.42/1	Трговија на големо со облека
		51.42/2	Трговија на големо со обувки
	51.43		Трговија на големо со електрични апарати за домаќинствата и радио и телевизиски уреди
	51.44		Трговија на големо со порцелан и стакларија, ѕидни тапети и средства за чистење
	51.45		Трговија на големо со парфимериски и козметички препарати
	51.46		Трговија на големо со фармацевтски производи
	51.47		Трговија на големо со друга стока за домаќинствата
51.5			*Трговија на големо со репродукционен материјал, отпадоци и остатоци, освен земјоделски*
	51.51		Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
	51.52		Трговија на големо со метали и метални руди
	51.53		Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема
	51.54		Трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за централно греење
	51.55		Трговија на големо со хемиски производи
	51.56		Трговија на големо со репродукционен материјал
	51.57		Трговија на големо со отпадоци и остатоци

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
	51.6		*Трговија на големо со машини, опрема и уреди*
	51.61		Трговија на големо со алатни машини
	51.62		Трговија на големо со градежни машини
	51.63		Трговија на големо со машини за текстилната индустрија, машини за шиење и плетење
	51.64		Трговија на големо со канцелариски машини и опрема
	51.65		Трговија на големо со други машини за индустријата, трговијата и навигацијата
	51.66		Трговија на големо со земјоделски машини, прибор и направи, вклучувајќи и трактори
	51.7		*Друга трговија на големо*
	51.70		Друга трговија на големо
52			**Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата**
	52.1		*Трговија на мало во неспецијализирани продавници*
	52.11		Трговија на мало во продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун
	52.12		Друга трговија на мало во продавници со мешовита стока
	52.2		*Трговија на мало со храна, пијалаци и тутун во специјализирани продавници*
	52.21		Трговија на мало со овошје и зеленчук
	52.22		Трговија на мало со месо и производи од месо
	52.23		Трговија на мало со риби, лушпари и мекотелци
	52.24		Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки
	52.25		Трговија на мало со алкохолни и други пијалаци
	52.26		Трговија на мало со производи од тутун
	52.27		Друга трговија на мало со храна во специјализирани продавници
	52.3		*Трговија на мало со фармацевтски, медицински, козметички и тоалетни препарати*
	52.31		Аптеки
	52.32		Трговија на мало со медицински препарати и ортопедски помагала
	52.33		Трговија на мало со козметички и тоалетни препарати
	52.4		*Друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници*
	52.41		Трговија на мало со текстил
	52.42		Трговија на мало со облека
	52.43		Трговија на мало со обувки и предмети од кожа
	52.44		Трговија на мало со опрема за домаќинствата
		52.44/1	Трговија на мало со мебел
		52.44/2	Трговија на мало со опрема за осветлување
		52.44/3	Трговија со предмети од текстил за опремување на домаќинствата
		52.44/4	Трговија на мало со останати производи за домаќинствата
	52.45		Трговија на мало со апарати за домаќинствата, радио и телевизиски уреди
	52.46		Трговија на мало со метална стока, градежен материјал, бои и стакло
	52.47		Трговија на мало со книги, весници и прибор за пишување
	52.48		Друга трговија на мало во специјализирани продавници
	52.5		*Трговија на мало со половна стока во продавници*
	52.50		Трговија на мало со половна стока во продавници
	52.6		*Трговија на мало вон продавници*
	52.61		Трговија на мало преку пошта
	52.62		Трговија на мало со стоки на тезги и пазари
	52.63		Друга трговија на мало со стоки вон продавници
	52.7		*Поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата*
	52.71		Поправка на чизми, обувки и други предмети од кожа
	52.72		Поправка на електрични апарати
		52.72/1	Поправка на електрични апарати за домаќинството
		52.72/2	Поправка на радио и тв апарати, телефонски апарати и уреди
	52.73		Поправка на часовници и накит
	52.74		Поправки, неспомнати на друго место
Ж			**Хотели и ресторани**
55			**Хотели и ресторани**
	55.1		*Хотели*
	55.11		Хотели и мотели со ресторан

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
	55.12		Хотели и мотели без ресторан
55.2			*Кампови и друг вид сместување за покус престој*
	55.21		Младински одморалишта и планинарски домови и куќи
		55.21/1	Одморалишта
		55.21/2	Планинарски домови
	55.22		Кампови за шатори и приколки
	55.23		Друг вид сместување, неспомнато на друго место
55.3			*Угостителски објекти за исхрана*
	55.30		Угостителски објекти за исхрана
		55.30/1	Ресторани и гостилници (без соби за сместување)
		55.30/2	Услуги на други угостителски објекти
55.4			*Барови*
	55.40		Барови
55.5			*Кантини и кетеринг*
	55.51		Кантини
	55.52		Кетеринг
3			**Сообраќај, складирање и врски**
60			**Копнен сообраќај, цевоводен транспорт**
60.1			*Железнички сообраќај*
	60.10		Железнички сообраќај
60.2			*Друг копнен сообраќај*
	60.21		Превоз на патници во друг копнен сообраќај, линиски
	60.22		Такси превоз
	60.23		Превоз на патници во другиот друмски сообраќај, слободен
	60.24		Превоз на стоки во друмскиот сообраќај
60.3			*Цевоводен транспорт*
	60.30		Цевоводен транспорт
61			**Воден сообраќај**
61.1			*Поморски сообраќај и сообраќај во крајбрежните морски води*
	61.10		Поморски сообраќај и сообраќај во крајбрежните морски води
61.2			*Сообраќај на внатрешни водени патишта*
	61.20		Сообраќај на внатрешни водни патишта
62			**Воздушен сообраќај**
62.1			*Воздушен сообраќај, линиски*
	62.10		Воздушен сообраќај, линиски
62.2			*Воздушен сообраќај, вонреден (чартер)*
	62.20		Воздушен сообраќај, вонреден (чартер)
63			**Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции**
63.1			*Претовар на товар и складирање*
	63.11		Претовар на товар
	63.12		Магацини и стоваришта
63.2			*Други придружни активности во сообраќајот*
	63.21		Други придружни активности во копнениот сообраќај
	63.22		Други придружни активности во водниот сообраќај
	63.23		Други придружни активности во воздушниот сообраќај
63.3			*Дејност на патничките агенции и туроператори: дејности што се однесуваат на укажување помош на туристи, некласифицирани на друго место*
	63.30		Дејност на патничките агенции и туроператори: дејности што се однесуваат на укажување помош на туристи, некласифицирани на друго место
63.4			*Активности на други посредници во сообраќајот*
	63.40		Активности на други посредници во сообраќајот
64			**Поштенски активности и телекомуникации**
64.1			*Поштенски активности и курирски активности*
	64.11		Дејност на националните пошти
	64.12		Курирски активности различни од активноста на националните пошти
64.2			*Телекомуникации*
	64.20		Телекомуникации

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
S			**Финансиско посредување**
65			**Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови**
65.1			***Монетарно посредување***
	65.11		Централна банка
	65.12		Друго моветарно посредување
		65.12/1	Банки
		65.12/2	Штедилници
		65.12/3	Менувачници
		65.12/4	Инвестициони фондови
65.2			***Друго финансиско посредување***
	65.21		Финансиски лизинг
	65.23		Друго финансиско посредување, неспомнато на друго место
66			**Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита**
66.0			***Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита***
	66.01		Осигурување и реосигурување на животот, имотот и посредување во осигурувањето
		66.01/1	Осигурување на животот
		66.01/2	Осигурување на имотот
		66.01/3	Реосигурување
		66.01/4	Посредување во осигурувањето
	66.02		Пензиски фондови
	66.03		Друго осигурување
67			**Помошни активности во финансиското посредување**
67.1			***Помошни активности во финансиското посредување, освен осигурување и пензиски фондови***
	67.11		Управување со финансискиот пазар
	67.12		Работење со вредносни хартии и управување со фондовите
	67.13		Други помошни активности во финансиското посредување, неспомнати на друго место
67.2			***Помошни активности во осигурувањето и пензиските фондови***
	67.20		Помошни активности во осигурувањето и пензиските фондови
И			**Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности**
70			**Активности во врска со недвижен имот**
70.1			***Активности во врска со недвижен имот во своја сопственост***
	70.11		Проширување и продажба на недвижен имот
	70.12		Купување и продажба на сопствен недвижен имот
70.2			***Издавање на сопствен недвижен имот***
	70.20		Издавање на сопствен недвижен имот
70.3			***Активности во врска со недвижен имот, со хонорар или врз база на договор***
	70.31		Агенции за недвижен имот
	70.32		Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор
71			**Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата**
71.1			***Изнајмување на автомобили***
	71.10		Изнајмување на автомобили
71.2			***Изнајмување на други сообраќајни средства***
	71.21		Изнајмување на други копнени сообраќајни средства
	71.22		Изнајмување на водни сообраќајни средства
	71.23		Изнајмување на воздушни сообраќајни средства
71.3			***Изнајмување на други машини и опрема***
	71.31		Изнајмување на земјоделски машини и опрема
	71.32		Изнајмување на машини и опрема за градежништвото
	71.33		Изнајмување на канцеларски машини и опрема, вклучувајќи и компјутери
	71.34		Изнајмување на други машини и опрема, неспомнати на друго место
71.4			***Изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата,***

Сектор / Оддел	Група	Класа Поткласа	Назив
			неспомнати на друго место
		71.40	Изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата, неспомнати на друго место
72			**Компјутерски и сродни активности**
	72.1		***Консултации во врска со хардвер***
		72.10	Консултации во врска со хардвер
	72.2		***Консултации и понуда на софтвер***
		72.20	Консултации и понуда на софтвер
	72.3		***Обработка на податоци***
		72.30	Обработка на податоци
	72.4		***Бази на податоци***
		72.40	Бази на податоци
	72.5		***Одржување и поправка на канцеларискиˋ и сметачки машини и сметачки системи***
		72.50	Одржување и поправка на канцеларски и сметачки машини и сметачки системи
	72.6		***Други компјутерски активности***
		72:60	Други компјутерски активности
73			**Истражување и развој**
	73.1		***Истражување и експериментален развој во природните науки и технолошки развој***
		73.10	Истражување и експериментален развој во природните науки и технолошки развој
		73.10/1	Истражување и експериментален развој во природните науки
		73.10/2	Истражување и развој во техничките и технолошките науки
	73.2		***Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки***
		73.20	Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки
		73.20/1	Истражување и експериментален развој во општествените науки
		73.20/2	Истражување и експериментален развој во хуманитарните науки
		73.20/3	Истражување и експериментален развој во мултидисциплинарните науки
	73.3		***Истражување и експериментален развој во мултидисциплинарните науки***
		73.30	Истражување и експериментален развој во мултидисциплинарните науки
74			**Други деловни активности**
	74.1		***Правни, сметководствени, книговодствени и работи на проверка на сметките и билансите ; консултантски активности во врска со данокот ; испитување на пазарот и јавното мислење ; деловни и менаџмент консултантски активности; холдинг***
		74.11	Правни работи
		74.12	Сметководствени, книговодствени и работи на проверка на сметките и билансите ; консултации во врска со данокот
		74.13	Истражување на пазарот и јавното мнение
		74.14	Деловни и менаџмент консултантски активности
		74.15	Управувачки активности на холдинг компаниите
	74.2		***Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички услуги***
		74.20	Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички совети
		74.20/1	Просторно и урбанистичко планирање
		74.20/2	Проектирање
		74.20/3	Инженеринг
		74.20/4	Премер на земјиште
		74.20/5	Други технички активности
	74.3		***Техничко испитување и анализа***
		74.30	Техничко испитување и анализа
	74.4		***Реклама и пропаганда***
		74.40	Реклама и пропаганда
	74.5		***Дејност на бироата за вработување***
		74.50	Дејност на бироата за вработување
	74.6		***Активности на истрага и обезбедување***
		74.60	Активности на истрага и обезбедување

Сектор / Оддел / Група	Класа Поткласа	Назив
74.7		*Чистење на објекти*
	74.70	Чистење на објекти
74.8		*Разновидни деловни активности, неспомнати на друго место*
	74.81	Фотографски услуги
	74.82	Услуги на пакување
	74.83	Секретарски и преведувачки активности
	74.84	Други деловни активности, неспомнати на друго место
J		**Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита**
75		**Јавна управа и одбрана ; задолжителна социјална заштита**
75.1		*Државна управа и економска и социјална политика*
	75.11	Општи државни, регионални и локални (услужни) активности
	75.11/1	Општи државни (услужни) активности
	75.11/2	Општи регионални и локални (услужни) активности
	75.12	Уредување на активностите на институциите кои обезбедуваат здравствени, образовни, културни и други услужни активности, исклучувајќи ја задолжителната социјална заштита
	75.13	Уредување и давање помош за поуспешно работење
	75.14	Помошни услужни активности за владата во целина
75.2		*Обезбедување на услуги за земјата во целина*
	75.21	Надворешни работи
	75.22	Работи на одбраната
	75.23	Судски и правосудни активности
	75.24	Обезбедување на јавна безбедност, закон и ред и други активности
	75.25	Дејност на пожарникарските единици
75.3		*Обезбедување задолжителна социјална заштита*
	75.30	Обезбедување на задолжителна социјална заштита
K		**Образование**
80		**Образование**
80.1		*Претшколско и основно образование*
	80.10	Претшколско и основно образование
	80.10/1	Претшколско образование
	80.10/2	Основно образование
80.2		*Средно образование*
	80.21	Општо средно образование
	80.22	Техничко и стручно средно образование
80.3		*Високошколско образование*
	80.30	Високошколско образование
80.4		*Образование на возрасни и друго образование*
	80.41	Дејност на школите за возачи
	80.42	Образование на возрасни и друго образование, неспомнато на друго место
Л		**Здравство и социјална работа**
85		**Здравство и социјална работа**
85.1		*Здравствена заштита на луѓето*
	85.11	Активности на болниците
	85.11/1	Стационарна здравствена заштита (без рехабилитација)
	85.11/2	Установи за медицинска рехабилитација и други установи со сместување
	85.12	Медицинска пракса
	85.13	Стоматолошка пракса
	85.14	Друга здравствена заштита на луѓето
	85.14/1	Медицинска рехабилитација во установи
	85.14/2	Превентивна и санитарна заштита
	85.14/3	Трансфузија на крв и други видови здравствена заштита
85.2		*Ветеринарни дејности*
	85.20	Ветеринарни дејности
85.3		*Социјална заштита*
	85.31	Социјална заштита во установи со сместување

Сектор / Оддел / Група	Класа	Поткласа	Назив
		85.31/1	Домови за ученици и студенти, заштита на загрозени и хендикепирани деца во установи со сместување
		85.31/2	Заштита на здрави и хендикепирани возрасни лица во установи со сместување
		85.31/3	Друга социјална заштита во установи со сместување
	85.32		Социјална работа без сместување
		85.32/1	Установи за дневен престој на деца
		85.32/2	Социјална работа
		85.32/3	Професионална рехабилитација во установи без сместување
Љ			**Други комунални, културни, општи и лични услужни активности**
90			**Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности**
90.0			***Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности***
	90.00		Отстранување на отпадоци и ѓубре, санитарни и слични активности
91			**Дејност на организации врз база на зачленување**
91.1			***Дејност на деловни, работнички и струковни организации***
	91.11		Активност на деловни и работнички здруженија
	91.12		Активности на струковните здруженија
91.2			***Активност на синдикатите***
	91.20		Активност на синдикатите
91.3			***Активност на други организации врз база на зачленување***
	91.31		Активност на верските организации
	91.32		Активност на политичките организации
	91.33		Активности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место
92			**Рекреативни, спортски, културни и забавни активности**
92.1			***Филмска дејност***
	92.11		Филмска продукција
	92.12		Филмска дистрибуција
	92.13		Прикажување на филмови
92.2			***Радио и телевизиски активности***
	92.20		Радио и телевизиски активности
92.3			***Културни и забавни активности***
	92.31		Уметничка дејност
		92.31/1	Создавање и интерпретација на уметнички дела
		92.31/2	Подготвување и објавување на уметнички дела
	92.32		Дејности на посредување во културата и дејност на објектите за култура
	92.33		Панаѓурски активности и активности на забавните паркови
	92.34		Други забавни активности, неспомнати на друго место
92.4			***Активност на новински агенции***
	92.40		Активност на новински агенции
92.5			***Дејност на библиотеките, архивите, кинотеките, музеите и други културни активности***
	92.51		Дејност на билиотеките и архивите
	92.52		Дејност на музеи, кинотеки и заштита и користење на архитектонско богатство
		92.52/1	Музеи
		92.52/2	Кинотеки
		92.52/3	Заштита и користење на архитектонското богатство
	92.53		Дејност на ботанички и зоолошки градини и други природни резервати
92.6			***Спортски активности***
	92.61		Дејност на спортски арени и стадиони
	92.62		Други спортски активности
92.7			***Други рекреативни активности***
	92.71		Коцкање, обложување и игри на среќа
	92.72		Други културни и рекреативни активности, неспомнати на друго место
93			**Други услужни дејности**
93.0			***Други услужни дејности***
	93.01		Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети
	93.02		Фризерски и други третмани за разубавување
	93.03		Погребни и придружни активности

Сектор / Оддел / Група	Класа Поткласа	Назив
	93.04	Третмани за подобрување на психо-физичката состојба и расположението
	93.05	Други услужни активности, неспомнати на друго место
M		**Приватни домаќинства со вработени лица**
95		**Приватни домаќинства со вработени лица**
95.0		*Приватни домаќинства со вработени лица*
	95.00	Приватни домаќинства со вработени лица
H		**Екстериторијални организации и тела**
99		**Екстериторијални организации и тела**
99.0		*Екстериторијални организации и тела*
	99.00	Екстериторијални (вонтериторијални) организации и тела

596.

Врз основа на член 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на РМ", бр. 10/97) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 6.04.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ВО 1998 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средствата во износ од 60.000.000 денари од игрите на среќа и од забавните игри, кои се утврдени во Буџетот на Републиката за 1998 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распоредуваат на:

1. Заедницата на инвалидски организации на Република Македонија
– за финансирање на програмите наменети за хендикепирани лица 40.000.000
2. Министерството за образование и физичка култура
– масовен спорт 75.000.000
– врвен спорт 75.000.000
3. Црвениот крст на Република Македонија
– за финансирање на програмски цели 5.000.000.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Министерството за финансии.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-814/1
6 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

597.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 24 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на РМ" бр. 41/85 и 51/88), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТ

Член 1

Недвижниот имот-објект (барака) со површина од 190 м^2 која се наоѓа на ул. „Босна и Херцеговина" б. б. – Скопје (во кругот на бараките на Собранието на општина Чаир) – сопственост на Република Македонија, се доделува на користење на Црвениот Крст на Македонија – Црвен Крст на град Скопје.

Член 2

Правото на користење на објектот опишан во член 1 од Одлуката се пренесува без надоместок.

Член 3

За начинот и условите на користење на објектот корисникот ќе склучи договор со Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1161/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

598.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 24 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на РМ" бр. 41/85 и 51/88), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Недвижниот имот – земјоделско земјиште, сопственост на Република Македонија – корисник Министерството за одбрана во површина од 307.607 м^2, кое се наоѓа во месноста Крклино – Битола се доделува на времено користење на Затворот Битола – Битола.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 на Одлуката се доделува на користење без надоместок.

Член 3

За начинот и условите на користење на недвижноста корисникот да склучи договор со Министерството за одбрана.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 23-159/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

599.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 24 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на СРМ" бр, 41/85и 51/88), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Недвижниот имот – монтажен објект со површина од 197 м^2 на ул „Цар Самоил" бб – Битола, сопственост на Република Македонија, се доделува на користење на Педагошкиот завод на Македонија – Подрачна единица – Битола.

Член 2

Недвижниот имот опишан во член 1 на Одлуката се доделува на користење без надоместок.

Член 3

За условите и начинот на користење на објектот корисникот да склучи договор со Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1166/1
9 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

600.

Врз основа на член 17-б од Законот за промет со земјиште и згради („Службен весник на РМ", бр. 36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/95) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 38/90 и „Службен весник на РМ", бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 9.03.1998 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ЗАМЕНА НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

Член 1

Се врши замена на правото на сопственост на земјоделско земјиште кое се наоѓа во КО Црнилиште – Свети Николе кое претставува овошна градина. К. Број 1855, во површина од 577 м^2 – 4 класа, во м.в. „Село" сопственост на Република Македонија, со земјоделско-земјиште кое се наоѓа во КО Црнилиште – Свети Николе а претставува дел од КП. број 1878, нива 3 класа во површина од 360 м^2 во м.в. „Село", сопственост на Стојан Ристов, од село Долно Црнилиште – Свети Николе.

Член 2

Договорот за замена на правото на сопственост на недвижностите од член 1 на оваа одлука ќе го склучиме министерот за финансии.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1032/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

601.

Врз основа на член 27, став 1, точка 3 и член 28, став 1, точка 2 од Законот за – трговија („Службен весник на РМ", бр. 23/95, 30/95 и 43/95) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 38/90 и „Службен весник на РМ", бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22.04.1998 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ЗАБРАНА НА ПРОДАЖБА НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. На претпријатијата и другите правни и физички лица кои вршат промет на нафтени деривати, се забранува да вршат промет на масло за горење екстра лесно (ЕЛ) на бензинските станици за временскиот период од 15 април до 15 октомври 1998 година.

2 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1136/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

602.

Врз основа на член 12 од Законот за надворешнотрговското работење („Службен весник на РМ", бр. 31/93, 41/93, 78/93, 59/96, 15/97 и 13/98) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 38/90 и „Службен весник на РМ", бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22.04.1998 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗ И УВОЗ

1. Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз („Службен весник на РМ" бр. 39/96, 64/96, 67/96, 45/97 и 66/97), во Списокот на стоките со форми на извоз и увоз за производот од тарифната ознака 1701 99 10 00 – бел шеќер, во колоната на увозот кратенката „ЛБ" се заменува со кратенката „ЛБ-7".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1135/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

603.

Врз основа на член 12 од Законот за надворешнотрговското работење („Службен весник на РМ", бр. 31/93, 41/93, 78/93, 59/96, и 15/97) и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 38/90 и „Службен весник на РМ", бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 22.04.1998 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗ И УВОЗ

Член 1

Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз („Службен весник на РМ" бр. 39/96, 64/96, 67/96, 45/97 и 66/97), во Списокот на стоките со форми на извоз и увоз, во колоната на извозот кратенката „ЛБ" се заменува со кратенката „ЛБ-7" за производите од тарифните ознаки:

4101 10 10 00 Сурови крупни и ситни кожи од говеда, свежи или свежо солени
4101 10 90 00 Други
4101 21 00 00 Цели
4101 22 00 00 Крупни и полукрупни
4101 29 00 00 Други
4101 30 10 00 Суви или суво-солени
4101 30 90 00 Други
4101 40 00 00 Крупни и ситни кожи од копитари

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1134/1
22 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

604.

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96 и 35/97) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО ОУ „БРАТСТВО - МИЃЕНИ" - ТЕТОВО

1. Горки Качелов се разрешува од должноста член на Училишниот одбор на ОУ „Братство - Миѓени" - Тетово.

2. За член на Училишниот одбор во ОУ „Братство - Миѓени" - Тетово се именува Перица Трпкоски, вработен во А.Д. „Жито - Полог" - Тетово.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-57/3
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

605.

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95; 24/96; 34/96 и 35/97) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО ОУ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ" С. ВАТАША, КАВАДАРЦИ

1. Нада Пендева се разрешува од должноста член на Училишниот одбор на ОУ „Димката Ангелов - Габерот" с. Ваташа, Кавадарци.

2. За член на Училишниот одбор во ОУ „Димката Ангелов - Габерот" с. Ваташа, Кавадарци се именува Јован Кузманов, финансов директор на А.Д. Печатница „Даскал Камче" - Кавадарци.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-57/4
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

606.

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96 и 35/97) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО ОУ „11 ОКТОМВРИ" - ОПШТИНА ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

1. Гордана Каева се разрешува од должноста член на Училишниот одбор на ОУ „11 Октомври" - општина Центар, Скопје.

2. За член на Училишниот одбор во ОУ „11 Октомври" - општина Центар, Скопје се именува Томе Алексовски, директор на ОУ „Јане Сандански" - општина Центар, Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-57/5
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

607.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА РАЗВОЈ

1. Доне Влашки, потсекретар во Министерството за развој повторно се назначува на истата должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-986/2
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

608.

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО

1. За директор на Републичката управа за ветеринарство во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се именува д-р Јосиф Тосевски, вонреден професор и продекан на Ветеринарниот факултет во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1067/2
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

609.

Врз основа на член 153 став 4, од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. Се разрешува Мирко Андовски од должноста потсекретар во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, поради истек на мандатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1098/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

610.

Врз основа на член 153 став 4, од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. За потсекретар во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина се назначува Љупчо Димитровски, досегашен главен републички инспектор за градежништво и урбанизам.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1099/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

611.

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија", бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

1. Се разрешува Љупчо Димитровски од должноста главен републички инспектор за градежништво и урбанизам, поради заминување на друга должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-1099/2
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

612.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1. За помошник на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина се назначува Круме Евроски, досегашен референт по комунално уредување во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија – Подрачна единица – Струга.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1100/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

613.

Врз основа на член 16 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр, 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на заменици на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 57/97 и30/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА СКОПЈЕ

1. За заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Скопје се именува Дијана Мијовиќ, судија на Основниот суд во Свети Николе.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1102/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

614.

Врз основа на член 16 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр. 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на заменици на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 57/97 и 3/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА БИТОЛА

1. За заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Битола се именува Јован Каролијевски, преземен работник во Јавното правобранителство на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1103/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

615.

Врз основа на член 16 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на РМ" бр, 47/97), а во врска со Одлуката за утврдување критериуми за определување на бројот на заменици на јавниот правобранител на Република Македонија и за определување на бројот на замениците на јавниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 57/97 и30/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ГОСТИВАР

1. За заменик на јавниот правобранител на Република Македонија за подрачјето на Гостивар се именува Исмаили Изет, стручен соработник во Основното јавно обвинителство во Гостивар.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1104/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

616.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 април 1998 година донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник во Владата на Република Македонија се назначува Иван Табаковски, досегашен директор на Републичката управа за ветеринарство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 17-1107/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

617.

Врз основа на член 31 од Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата („Службен весник на РМ" бр. 69/96), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.1998 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 1998 ГОДИНА

I. Средствата на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 53.000.000,00 денари се распределуваат за:

1. Изработка на стратегии, програми и проекти од областа на заштита на животната средина и природата од интерес на Република Македонија утврдени со Националниот еколошки акционен план до 70% од средствата и тоа:

– Проекти и опрема за заштита на реките и езерата.

– Проекти за заштита и конзервација на објекти и делови на природата.

– Проекти за изградба и реконструкција на објекти за третирање на отпад.

– Проекти за санација и култивизирање на просторот деградиран од дејствија кои предизвикале поголем степен на деградација.

2. Набавка и монтирање на опрема за објекти за заштита и унапредување на животната средина и природата до 10%.

3. Санација на последиците на еколошките хаварии во текот на годината до 7%.

4. Подржување на програмите на невладините организации во поглед на подигнувањето на јавната свест до 5%.

5. Едукација на кадри во областа на заштитата на животната средина и природата до 5%.

6. Трошоци за користење на лабораториите за потребите на Фондот до 3%.

II. При распределбата на средствата ќе се поаѓа од следните критериуми:

- Национални приоритети утврдени во НЕАП;
- Регионални приоритети;
- Локални приориети;
- Висина на локално учество;
- Степен на подобрување на животната средина.
- Учество во проекти финансирани од меѓународни донации и кредити.

III. Проектите кои се однесуваат на две или повеќе општини, ќе имаат приоритет при одлучувањето.

IV. Распределбата на средствата ќе се врши согласно утврдениот сооднос во точка I, а на основа на доставени проектни задачи од апликантите.

V. Измената на дадениот сооднос во користењето на средствата за утврдените намени, може да се изврши по претходно известување на Владата на Република Македонија од страна на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

VI. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 23-1127/1
13 април 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

618.

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97 и бр. 15/97), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 17.03.1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се издава одобрение за основање на брокерско-посредничко друштво „КБ – Брокер" А.Д., со седиште во Скопје, кеј „Димитар Влахов" бр. 4.

2. Брокерско-посредничкото друштво „КБ-Брокер" А.Д. Скопје ќе ги врши следниве работи:

- примање налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на хартии од вредност, како и извршување задачи на берзата или надвор од неа за туѓа сметка, со плаќање провизија (посредување);
- тргување со долгорочни хартии од вредност во свое име и за своја сметка;
- стопанисување со долгорочни хартии од вредност по нарачка и за сметка на странки, со плаќање провизија (управување со финанискиот имот на странката);
- организирање и подготовка на откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност, односно откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност со цел за нивно натамошно продавање (подготовка и откуп на нови изданија);
- советување на странките при издавање и купување, односно продавање на долгорочни хартии од вредност (инвестиционо советување);
- вршење услуги на чување на долгорочни хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-17/1
6 април 1998 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
д-р **Владимир Кандикјан**, с.р.

619.

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97 и бр. 15/97), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 17.03.1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се издава одобрение за основање на брокерско-посредничко друштво „Брокер – СБ" А.Д., со седиште во Скопје, ул. „11 Октомври" бр. 7.

2. Брокерско-посредничкото друштво „Брокер – СБ" А.Д. Скопје ќе ги врши следниве работи:

- примање налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на хартии од вредност, како и извршување задачи на берзата или надвор од неа за туѓа сметка, со плаќање провизија (посредување);
- тргување со долгорочни хартии од вредност во свое име и за своја сметка;
- стопанисување со долгорочни хартии од вредност по нарачка и за сметка на странки, со плаќање провизија (управување со финанискиот имот на странката);
- организирање и подготовка на откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност, односно откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност со цел за нивно натамошно продавање (подготовка и откуп на нови изданија);
- советување на странките при издавање и купување, односно продавање на долгорочни хартии од вредност (инвестиционо советување);
- вршење услуги на чување на долгорочни хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-27/1
17 април 1998 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
д-р **Владимир Кандикјан**, с.р.

620.

Врз основа на член 45 и 46 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97 и бр. 15/97), согласно Одлуката на Комисијата за хартии од вредност донесена на седницата одржана на 14.04.1998 година, Комисијата издава

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1. На „Извозна и кредитна банка" А.Д. – Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност – седма емисија на акции во износ од 50.000.000 денари.

2. Издавачот на долгорочните хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката за нивно издавање.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01–57/1
17 април 1998 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
д-р **Владимир Кандикјан** с. р.

621.

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за издавање и тргување со хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/97 и бр. 15/97), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 17.03.1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ

1. Се издава одобрение за основање на брокерско – посредничко друштво „Макос – Инвест Брокер" А.Д., со седиште во Скопје, ул. Градски Ѕид блок IV локал 13.

2. Брокерско – посредничкото друштво „Макос–Инвест Брокер" А.Д. Скопје ќе ги врши следниве работи:

– примање налози од инвеститорите што се однесуваат на купување и продажба на хартии од вредност, како и извршување задачи на берзата или надвор од неа за туѓа сметка, со плаќање провизија (посредување);

– тргување со долгорочни хартии од вредност во свое име и за своја сметка;

– стопанисување со долгорочни хартии од вредност по нарачка и за сметка на странки, со плаќање провизија (управување со финансискиот имот на странката);

– организирање и подготовка на откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност, односно откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност со цел за нивно натамошно продавање (подготовка и откуп на нови изданија);

– советување на странките при издавање и купување, односно продавање на долгорочни хартии од вредност (инвестиционо советување);

– вршење услуги на чување на долгорочни хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01–22/1
6 април 1998 година
Скопје

Претседател на Комисијата,
д-р **Владимир Кандикјан**, с.р.

622.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 56 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 8 април 1998 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА барањето на Руфи Османи од село Чајле, Гостивар, за заштита на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

3. Руфи Османи од село Чајле, Гостивар, преку својот полномошник Махмут Јусуфи-адвокат од Тетово, му поднесе на Уставниот суд на Република Македонија барање за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот согласно со членот 110 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, конкретно на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Како акт со кој му е повредена оваа слобода во барањето ја наведува правосилната пресуда на Основниот суд во Гостивар К. бр. 213/97 од 17 септември 1997 година, со која е огласен за виновен за сторени кривични дела и му е изречена казна затвор. Со наведената правосилна пресуда подносителот бил осуден, помеѓу другото, и поради тоа што организирал јавен протестен митинг и јавно ја изразил својата мисла, преку формулациите во делот од изреката на пресудата каде се наведува: „по донесувањето на одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 52/97 од 21.05.1997 година со која е поведена постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 140 од Статутот на Општина Гостивар и е уважено барањето за изрекување на времена мерка и се запираат од извршување до донесување на конечна одлука на Судот, поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорениот член од Статутот, организирал и закажал за 24.05.1997 година во 13,00 часот одржување на протестен митинг на плоштадот во Гостивар под мотото „Да ја браниме службената употреба на националното знаме", на кој не се истакнало знамето на Република Македонија, интонирана е химната на Република Албанија, а во својот говор ги искажал зборовите: „животот го даваме, знамето не го даваме"; „не ги признаваме одлуките на Уставниот суд"; „албанското знаме не водеше во многу редови во партизанските, во балистичките и во многу други албански движења, кои секогаш војуваа за ослободување на албанските територии"; „нашите територии во Македонија се наши територии, тоа нека се знае еднаш за секогаш"; „на секоја наша територија нашето знаме секогаш ќе се вее", „нивната црна рака го искрвави тетовскиот универзитет вчера, оваа црна рака денес сака да го искрвави и националното знаме, но нека размислат добро, затоа што на нивните шлаканици ќе одговориме со шлаканици, јас им испратив јасна порака, додека сум јас во општината Гостивар никој не смее да го допре албанското знаме"; „во изборната кампања јас ветив дека Гостивар ќе го направиме албански град, и ќе го направиме"; „ќе го употребуваме албанското знаме, службената употреба на јазикот и многу други институции кои заедно со другите албански општини ќе ги направиме многу бргу во рамките на проектот на регионализација".

Подносителот наведува дека погоре наведените инкриминации биле извлечени од контекст на јавен настап и јавно изразена мисла и се доведени во врска со обележјата на кривичните дела – предизвикување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од член 319 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик на Република Македонија и организирање на отпор од член 387 став 2 в.в. со став 1 од истиот Законик. Како доказ приложува правосилна пресуда на Основниот суд во Гостивар К.бр. 213/97 од 17.09.1997 година, и предлага да се изврши увид во видео лентата од настапот на подносителот на организираниот протестен митинг на 24.05.1997 година во Гостивар. Подносителот смета дека со тоа што е огласен за виновен и што трпи санкции поради користењето на загарантираното уставно право на јавен настап и јавно изразување на мислата, на директен начин му се повредени загарантираните права утврдени со Уставот на Република Македонија, од причина што слободата на мислата со Уставот била определена како апсолутно право на човекот без ограничување и секое ограничување или дополнително регулирање значело нејзина сопствена негација, поради што смета дека неговото барање е основано и му предлага на Уставниот суд да утврди дека со поединечниот акт – правосилната пресуда на Основниот суд во Гостивар К.бр.213/97 од 17.09.1997 година, му се повредени слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, и во тој дел да го поништи поединечниот акт, односно да ја поништи наведената пресуда.

Со оглед на тоа што се работело за правосилна пресуда и што осуденото лице можело да биде упатено на издржување на затворска казна, се предлага Уставниот суд да донесе решение за запирање на извршувањето на правосилната пресуда на Основниот суд во Гостивар К.бр. 213/97 од 17.09.1997 година, до донесувањето на конечната одлука.

4. Уставниот суд на седницата утврди дека со пресуда на Основниот суд во Гостивар К.бр. 213/97 од 17 септември 1997 година, подносителот е огласен за виновен затоа што: „Во периодот од 27.01. - 9.07.1997 година, злоупотребувајќи ја положбата на градоначалник на Општина Гостивар со едно континуирано дејствување предизвикал и разгорил национална омраза, раздор и нетрпеливост помеѓу граѓаните на Општина Гостивар и пошироко помеѓу граѓаните на соседните општини, организирал отпор и непослушност спрема законити одлуки и мерки на државен орган на начин што:

– најпрвин при донесувањето на статутарната одлука бр. 08-5/1 на Советот на Општина Гостивар за употреба на знамињата на Општина Гостивар, на Советот не укажал за неуставноста и незаконитоста од донесување на една таква одлука, а по нејзиното прогласување и објавување не ја известил Владата на Република Македонија за неуставноста и незаконитоста на одлуката, обврски кои за градоначалникот се утврдени со Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/95);

– а потоа, иако знаел дека статутарната одлука е неуставна и незаконита, веднаш по донесувањето презел дејствија за реализација на истата и тоа:

– пред зградата на Советот на Општина Гостивар на јарболите со негова дозвола се истакнати знамињата на Република Македонија, Република Албанија и Република Турција;

– пред Првомајските празници до сите јавни институции доставил писмено известување со кое ги известува дека се должни за време на првомајските празници да ги истакнат знамињата во согласност со статутарната одлука;

– по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 52/97 од 21.05.1997 година, со која е поведена постапка за оценување уставноста и законитоста на член 140 од Статутот на Општина Гостивар и е уважено барањето за изрекување на времена мерка и се запираат од извршување до донесување на конечна одлука на Судот, поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорениот член од Статутот, организирал и закажал за 24.05.1997 година во 13 часот, одржување на протестен митинг на плоштадот во Гостивар под мотото „Да ја браниме службената употреба на националното знаме", на кој не се истакнало знамето на Република Македонија, интонирана е химната на Република Албанија, а во својот говор ги искажал зборовите: „животот го даваме знамето не го даваме", „не ги признаваме одлуките на Уставниот суд", „албанското знаме не водеше во многу редови во партизанските, во балистичките и во многу други албански движења, кои секогаш војуваа за ослободување на албанските територии", „нашите територии во Македонија, се наши територии, тоа нека се знае еднаш за секогаш", „на секоја наша територија нашето знаме секогаш ќе се вее", „нивната црна рака, го искрвави тетовскиот универзитет вчера, оваа црна рака денес сака да го искрвави и националното знаме, но нека размислат добро затоа што на шлаканица ќе одговориме со шлаканица, јас им испратив јасна порака додека сум јас во Општина Гостивар никој не смее да го допре албанското знаме", „во изборната кампања јас ветив дека Гостивар ќе го направиме албански град и ќе го направиме", „ќе го употребуваме албанското знаме службената употреба на јазикот и многу други институции кои заедно со многу други албански општини ќе ги направиме многу бргу во рамките на проектот на регионализација".

– организирал вооружени стражи за заштита од симнување на знамињата од јарболите пред зградата на Советот на Општина Гостивар,

– формирал централен кризен штаб при што сочинил писмен оперативен план со конституирање на централните организациони структури,

– конституирање на реонските организациони структури, конституирање на работни тела во рамките на централниот кризен штаб и регионалните кризни штабови, создавање на работно тело за составување на оперативни и стратешки план за дејствување во случај на насилна интервенција на полицијата и суспендирање на општинското раководство и советот на општината и определување на примарните како времени задачи, после кое дошло до реализација на планот, пак, како последица на ваквото дејствување на ден 26.05.1997 година настапило нарушување на јавниот ред и мир со тепачка пред зградата на Советот на Општина Гостивар на поголема група на граѓани од македонска и албанска националност, а поради насилното симнување на јарболот и знамето на Република Албанија од страна на група граѓани од македонска националност, а на ден 9.07.1997 година кога во утринските часови припадниците на МВР на Република Македонија презеле акција за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 52/97 од 21.05.1997 година и У.бр. 52/97 од 11.06.1997 година со која се симнати знамињата на Република Албанија и Република Турција од јарболите, поради организираниот отпор и непослушност спрема законитата одлука дошло до значително отежнување во спроведувањето на извршувањето, а поради присуството на вооружената стража сместена во просториите на Општинската зграда и постепеното собирање на поголема маса на граѓани, чиј број постепено се зголемувал за да околу 15 часот дојде до директен вооружен судир со припадниците на МВР и насобраните граѓани, безредие и насилства на луѓе во кои 3 лица го загубиле животот, а поголем број на граѓани и припадници на МВР здобиле телесни повреди.

Со горе опишаните дејствија обвинетиот сторил кривично дело Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од член 319 став 2 в.в. став 1 и кривично дело Организирање на отпор од член 387 став 2 в.в. став 1 и двете од Кривичниот законик, па на основа член 4, 32, 35 и 39 од Кривичниот законик му се: „утврдува, за кривичното дело од член 319 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик, казна затвор во траење од 8 (осум) години. За кривичното дело од член 387 став 2 в.в. став 1 од Кривичниот законик, казна затвор во траење од 4 (четири) години".

Со истата пресуда подносителот е огласен за виновен и за сторено кривично дело неизвршување на судска одлука од член 377 став 3 в.в. став 2 од Кривичниот законик и му е изречена казна затвор во траење од 3 (три) години, за конечно да биде осуден на единствена казна затвор во траење од 13 (тринаесет) години и 8 (осум) месеци.

Со пресуда на Апелациониот суд во Скопје Кж. бр. 1689/97 од 5 февруари 1997 година, пресудата на Основниот суд во Гостивар К.бр. 213/97 од 17 септември 1997 година, е преиначена во делот на изречената казна, така што подносителот е осуден на единствена казна затвор во траење од 7 (седум) години. Во останатиот дел пресудата е потврдена.

5. Според член 16 став 1 од Уставот на Република Македонија, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Според член 54 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот, и тоа само во време на воена или вонредна состојба, според одредбите на Уставот, при што ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално поте-

кло екло, имот или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата, според ставот 4 на овој член, не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

И покрај ваквото високо ниво на гарантирање на слободата на мислата и нејзиното јавно изразување во Уставот на Република Македонија, таа не може да важи неограничено. Заради обезбедување на заедничкиот живот правниот поредок мора да ја ограничи слободата на поединецот за да ја заштити слободата на другите, односно содржински да го ограничи нивното важење.

Во правната теорија се познати повеќе начини на ограничување на основните слободи и права. Битно е дека, со оглед на тоа што основните слободи и права се утврдуваат со Устав, и основот за нивното ограничување мора да се наоѓа во Уставот. Еден од начините на ограничување е упатувањето со закон да се уреди остварувањето на некоја слобода или право. При тоа, со Уставот може да се предвиди обемот на ограничувањето на одредена слобода или право, кој е обврзувачки за законодавецот или општо да се определи обемот до кој законодавецот може да ги ограничи основните слободи и права. Доколку Уставот на тоа не упатува, основните слободи и права не можат да се уредат, ограничат со закон, туку нивната содржина и граници ќе се определуваат преку севкупноста на уставните определби и вредности и нормите на правниот поредок како претпоставка за реално остварување на слободите и правата загарантирани со Уставот.

Носител на законодавната власт во Република Македонија, според членот 61 став 1 од Уставот, е Собранието на Република Македонија, како претставнички орган на граѓаните, кој, согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, е генерално овластен да донесува закони.

Според членот 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон (став 1), при што секој е должен да ги почитува Уставот и законите (став 2).

Од цитираните уставни одредби произлегува правото на законодавецот преку донесување на закони да го вообличи правниот поредок и, истовремено, преку принципот на уставност, генерално е поставена границата на даденото законодавно овластување. Конечно со предвидувањето на општата должност за почитување на Уставот и законите, се заокружува системот на функционирањето на правниот поредок.

Уставот на Република Македонија поаѓа од гарантирање на самата слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, на начин кој е општ, генерален за сите поединци, и токму од аспект на оваа општост мора да се толкува одредбата од член 54 став 4 од Уставот со која се исклучува ограничувањето на оваа слобода. Во корелација со членот 126 став 1 од Уставот, одредбата од член 54 став 4 значи забрана за Владата при постоење на воена или вонредна состојба да донесе уредба со законска сила со која би се ограничила слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, и тоа на општ начин кој е задолжителен за сите поединци, но оваа одредба истовремено значи и забрана за донесување на закон или друг акт со кој општо и за сите поединци или за однапред определена група луѓе би се ограничила оваа слобода, на пример со ограничување на некој од видовите на практично манифестирање на слободата на изразување на мислата.

Меѓутоа, ова не значи дека не постои никакво ограничување за поединецот во манифестирањето на генерално загарантираната слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Границите на манифестирањето на оваа слобода за поединецот се наоѓаат во со закон санкционираните дејствија, без оглед дали се работи за кривична или граѓанско-правна санкција. Оттука, уставно управниот спор дали постои повреда на со Уставот загарантираната слобода на јавното изразување на мислата преку санкционирањето на нејзината манифестација, се сведува на уставно-правна оцена дали со ваквата санкција е повредена самата содржина на уставно гарантираната слобода на поединецот без никакво ограничување јавно да го искаже своето мислење, или, пак, е санкционирано дејствие кое, иако како свој појавен облик го има јавното искажување на мислење, всушност ја изгубило смислата на слобода на мислење и јавно искажување на мислата кое што Уставот ја гарантира и заштитува, преминувајќи во дејствие со кое се повредуваат други со Уставот и со закон заштитени слободи, права и интереси.

6. Во барањето за заштита на слободите и правата подносителот наведува дека со поединечен акт – правосилна пресуда со која е огласен за виновен и му е изречена казна затвор за сторени кривични дела Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост од член 319 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик и Организирање на отпор од член 387 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик, му е повредена слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, поради тоа што бил огласен за виновен и казнет заради користење на уставно загарантираното право на јавен настап и јавно изразеното мислење на јавниот собир кој бил одржан на 24 мај 1997 година во Гостивар. Повредата ја гледа во тоа што слободата на јавно изразување на мислата била апсолутна и неограничена, така што не можело да се трпи санкции поради нејзиното остварување.

Од увидот во предметот К. бр. 213/97 и доказите приложени кон него, од образложението на пресудата на Основниот суд во Гостивар К. бр. 213/97 од 16 септември 1997 година и од нејзината изрека, Судот ги утврди следните околности кои што се од влијание за оценувањето дали во конкретниот случај на подносителот му е повредена слободата на јавно изразување на мислењето:

– Подносителот јавно настапил и го искажал своето мислење на протестен митинг кој самиот го организирал и закажал, во својство на градоначалник на Општина Гостивар, под мотото „Да ја браниме службената употреба на националното знаме", неколку дена по добивањето на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија со која е поведена постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата од Статутот на Општина Гостивар врз основа на која знамето на Република Албанија било истакнато на јарболите пред зградата на Општината, и решението на Уставниот суд на Република Македонија со кое е изречена времена мерка и се запрени од извршување до донесувањето на конечната одлука на Судот поединечните акти или дејствија преземени врз основа на оспорената одредба од Статутот;

– Протестниот митинг на кој што подносителот јавно настапил бил одржан на отворен простор, достапен за секого, на плоштадот во Гостивар, град чие што население го сочинуваат припадниците на повеќе национални;

Пред почетокот на митингот била интонирана химната на Република Албанија;

– На протестниот митинг подносителот јавно настапил и го искажал своето мислење, не во својство на обичен говорник, туку во својство на градоначалник на Општината Гостивар;

– Употребените формулации во говорот на подносителот претставуваат јасна порака до присутното население од албанска националност дека знамето на Република Албанија кое било истакнато пред зградата на Општината треба да го бранат и по цена на животот, дека во Република Македонија постојат албански територии на кои треба да се вее албанско знаме, дека припадниците на албанската националност во Република Македонија се загрозени од некого чија „црна рака" го „искрвавила" тетовскиот универзитет, а истата „црна рака" се заканува да го „искрвави" и нивното национално знаме, повикувајќи при тоа да се возврати со иста мера, да не се признаваат одлуките на Уставниот суд на Република Македонија и ветувајќи дека Гостивар наскоро ќе биде албански град, како и многу други општини во рамките на проектот за регионализација;

Понатаму Судот утврди дека подносителот презел и дејствија за практична реализација на својата заложба да не се почитуваат одлуките на Уставниот суд на Република Македонија и да не се дозволи симнување на знамето на Република Албанија од јаболите пред зградата на Општината, на начин што организирал вооружени стражи, формирал централен кризен штаб и регионални кризни штабови и составил оперативен и стратешки план по кој требало да се дејствува во случај на насилно симнување на знамето со кој точно била определена структурата и имињата на лицата кои во таков случај би биле задолжени со прашањата за известување и пропаганда, обезбедувањето, транспортот и врските, финансиите, здравствената помош и друго.

– На 26 мај 1997 година, два дена по одржаниот протестен митинг на кој јавно настапил подносителот, пред зградата на Општина Гостивар дошло до тепачка помеѓу поголема група на граѓани од албанска и македонска националност при обидот на група граѓани од македонска националност да го симнат знамето на Република Албанија од јарболот пред зградата на Општина Гостивар;

– На 9 јули, при интервенцијата за спроведување на Одлуката на Уставниот суд за симнување на знамето на Република Албанија и Република Турција од јарболите пред зградата на Општина Гостивар, припадниците на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија наишле на организиран отпор преку вооружени стражи и постепено собирање на поголема маса граѓани меѓу кои имало наоружени лица со оружје, молотови коктели, камења, метални шипки и димни бомби, со кои средства биле нападнати припадниците на Министерството за внатрешни работи, поради што дошло до директен вооружен судир помеѓу нив и насобраните граѓани, безредија и насилства, во кои три лица го загубиле животот, а поголем број граѓани и припадници на Министерството за внатрешни работи задобиле телесни повреди.

Кривичното дело Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост е определено во главата Кривични дела против државата во членот 319 од Кривичниот законик, според кој „Тој кој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со сквернавење споменици, гробови, или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост, ќе се казни со затвор од една до пет години". Во ставот 2 е определен квалификуваниот облик на делото, според кој „Тој кој што делото од став 1 го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од поголеми размери, ќе се казни со затвор од една до десет години".

Кривичното дело Организирање на отпор е определено во Главата Кривични дела против јавниот ред, во членот 387 од Кривичниот законик, според кој „Тој што ќе организира други на отпор или на непослушност спрема законити одлуки или мерки на државен орган, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. Според квалификуваниот облик од ставот 2 „Ако поради делото од став 1 дошло до неспроведување или до значително отежнување на спроведувањето на законита одлука или мерка на државен орган или делото го стори како водач на група, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години".

Слободата на мислата и јавното изразување на мислата, која во Уставот на Република Македонија е гарантирана на исто место со слободата на уверувањето и совеста, претставува субјективно право кое е нераскинливо поврзано со човековата личност. Гарантирањето на оваа слобода значи дека секој може слободно, без надворешна присилба и без интервенција на државата, да формира мислење за било која сфера од животот и истото јавно да го искаже. Слободата на мислата и јавното изразување на мислата во Уставот на Република Македонија е гарантирана на такво рамниште што овозможува нејзино директно остварување, без поддршка на посебно законско уредување, и истовремено овозможува нејзина директна заштита врз основа на Уставот, од страна на Уставниот суд, согласно членот 110 став 1 алинеја 3 од Уставот. Исто така Уставот на Република Македонија не содржи ниту специјална ниту генерална законска резерва која би ги определила границите на остварувањето на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, поради што нејзината граница треба да се бара во севкупноста на Уставот и неговите определби имајќи ги при тоа во предвид меѓународните документи што се ратификувани во согласност со Уставот.

Според членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права: 1) Никој не може да биде вознемируван поради своето мислење; 2) Секој има право на слобода на изразување; тоа право подразбира слобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство во свој избор; 3) Вршењето на слободата предвидена во став 2 на овој член повлекува посебни обврски и одговорности. Тоа може да биде подложено на одредени ограничувања кои сепак мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни: а) за почитување на правата и угледот на другите лица; б) за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или морал.

Според членот 9 од Европската конвенција за човекови права, секој има право на слобода на мисла, совест и вероисповест; Слободата на исповедување на нечија вера или убедување може да биде подложена само на оние ограничувања кои се пропишани со закон и кои се неопходни во демократско општество во интерес на јавната безбедност, за заштита на јавниот поредок, здравјето или моралот, или за заштита на правата или слободите на другите.

Според членот 10 од Конвенцијата, 1) секој има право на слобода на изразување. Ова право вклучува и слобода на мислење и слобода да се примаат и соопштуваат известувања и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да ги подложат радио и телевизиските станици и филмските компании под режим на дозволи, 2) Бидејќи вршењето на овие слободи повлекува зад себе должности и одговорност, тоа може да биде подложено на извесни формалности, услови, ограничувања или санкции предвидени со закон, кои претставуваат во демократско општество неопходни мерки за национална

